Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски одредби и нормативи.

- Површината во рамките на опфатот е 7,269 ха.
- Планирани се два плански опфати за детално планирање.

ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ ВО БЛОК 7.4 ПОДЕЛБА НА БЛОКОВИ (ПЛАНСКИ ОПФАТИ) ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ				
р.бр.	БРОЈ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ	површина м2	површина ха	учество во %
1.	БЛОК 7.4.1	31 847.60м2	3.184 ха	43.81 %
2.	БЛОК 7.4.2	40 851.00м2	4.085 ха	56.19 %
	ВКУПНО ВО ГРАНИЦИ НА БЛОК 7.4	72 698.60м2	7.269 ха	100.00 %

Со новата урбанистичка документација **Регулациски план на ГУП за град Прилеп за Блок 7.4 во четврт 7, КО Прилеп, општина Прилеп,** во рамките на новопредвидените 2 блока за идно детално планирање (блок 7.4.1 и блок 7.4.2) каде се дадени насоките за идно детално планирање, низ табеларни прикази се прикажани површините и процентуалното учество на планираните плански опфати за детално планирање.

ТАБЕЛА 3

ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ ВО БЛОК 7.4.1 ПО НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ				
р.бр.	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНИ ИЛИ ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИ	површина м2	површина ха	учество во %
1.	ДОМУВАЊЕ - А	21 372.27м2	2.137 ха	67.10%
2.	ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ - В - Верски институции (црква) - В5	820.89м2	0.082 ха	2.58%
3.	ИНФРАСТРУКТУРА Е -			
	- Комунална инфраструктура (сообраќајни ленти, пристапни улици, тротоари, јавен паркинг) - Е1	6 973.92м2	0.697 ха	21.90%
	- Речно корито (Минор корито) - Е1	210.19м2	0.021 ха	0.67%
	- Речно корито (Мајор корито) - Е1	1 186.65м2	0.118 ха	3.72%
4.	ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА - Д			
	- Парковско зеленило - Д1	1 283.68м2	0.128 ха	4.03%
	ВКУПНО ВО ГРАНИЦИ НА ОПФАТОТ - БЛОК 7.4.1	31 847.60м2	3.184 ха	100.00 %

ТАБЕЛА 4

ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ ВО БЛОК 7.4.2 ПО НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ				
р.бр.	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНИ ИЛИ ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИ	површина м2	површина ха	учество во %
1.	ДОМУВАЊЕ - А - Домување во станбени згради - А2	31 600.53м2	3.160 ха	77.35%
2.	ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ - В - Верски институции (црква) - В5	/	/	/
3.	ИНФРАСТРУКТУРА Е -			
	- Комунална инфраструктура (сообраќајни ленти, пристапни улици, тротоари, јавен паркинг) - Е1	7 822.10м2	0.782 ха	19.15%
	- Речно корито (Минор корито) - Е1	150.06м2	0.015 ха	0.37%
	- Речно корито (Мајор корито) - Е1	1 278.31м2	0.127 ха	3.13%
4.	ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА - Д			
	- Парковско зеленило - Д1	/	/	/
	ВКУПНО ВО ГРАНИЦИ НА ОПФАТОТ - БЛОК 7.4.2	40 851.00м2	4.085 ха	100.00 %

6.1.БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Споредбените податоци се земени за постојана состојба и планското решение и истите се прикажани во следната табела.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ							
р.бр.	ИМЕ	нумерички показатели постојна состојба			нумерички показатели планирана состојба		
1	ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	100 %	72 698.60	м2	100%	72 698.60	м2
2	ДОМУВАЊЕ А - домување во станбени згради - А2	71.43%	51 927.03	м2	72.87%	52 972.80	м2
3	ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ - В						
	- Верски институции (црква) - В5	1.13%	819.65	м2	1.13%	820.89	м2
4	ИНФРАСТРУКТУРА Е						
	- Комунална инфраструктура (сообраќајни ленти, пристални улици, тротоари, јавен паркинг) - Е1	21.80%	15 845.59	м2	20.35%	14 798.58	м2
	- Речно корито (Минор корито) - Е1	0.49%	360.25	м2	0.49%	360.25	м2
	- Речно корито (Мајор корито) - Е1	3.39%	2 462.40	м2	3.39%	2 462.40	м2
5	ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА - Д						
	- Парковско зеленило - Д1	1.77%	1 283.68	м2	1.77%	1 283.68	м2

7. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија, број 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 185/11 и 215/15), Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија, број 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Врз основа на Член 29 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат: при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и при изградба на објекти и инфраструктура.

Градот Прилеп е лоциран во зона на 8 ми степен по Меркалиева скала на очекувани земјотреси. Согласно на ова потребно е при идни разработки при планирање и проектирање да се почитуваат овие одредби, односно објектите да се проектираат и гардат за да ги задоволат ваквите критериуми.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, со современи технологии на градба;
- регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
- изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
- обезбедување на противпожарни пречки;
- изградба на објекти за заштита и изградба на потребната инфраструктура.

При примена на планските решенија на Регулацискиот план, за сè што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, 6број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),

Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Службен весник на Република Македонија, број 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Службен весник на Република Македонија, број 76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Службен весник на Република Македонија, број 8/05).

7.1 Заштита и спасување од пожари, експозии и опасни материи

Просторот што го третира планот е со површина од 7,269 ха и на истиот согласно ГУП се предвидува изградба на објекти со намена:

А1 и А2 – Домување во станбени куќи и домување во станбени згради,
В5 – Верски објекти
Д1 – Парковско зеленило
Е1 – Комунална инфраструктура (Сообраќајници)
Е2 – Комунална супраструктура

При идна разработка на ДУП треба да се дадат насоки дека со понатамошна изработка на архитектонско – урбанистичките проекти и основните проекти, сите објекти да се лоцираат така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајниците и пристапот се така планирани да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 cm и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на територијалната противпожарната единица на општина Прилеп.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, 6број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18).

Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенест систем на цевководи, со минимален пречник Ø80mm. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ø80mm се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø80mm. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80м во зона на

индустрија до 150м во зона за домување. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Утврдувањето на потребните мерки за заштита од пожари е во огласност со:

Законот за пожарникарство (Сл. в. На Р.М. бр. 67/2004),

Правилникот за поблиско определување на изборот на видовите и на количините на противпожаните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и уредување на критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати, кои се однесуваат на техничката опрема и просторот за работа – Сл. в. На Р.М. бр. 26/2018,

Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. в. на Р.М. бр. 26/2018 год.)

Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. в. На Р.М. бр. 32/2011 и 145/2013).

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Член 70 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија, 6број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција - пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Задолжително е примена на громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

7.2 Заштита и спасување од урнатини

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на

децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

- РХБ извидување на територијата
- дозиметриска контрола
- детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
- лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

7.3 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

7.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Член 80 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија,бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 106/16 и 83/18), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови. Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

7.5 Спасување од сообраќајни несреќи

Во рамките на опфатот има разгранета сообраќајна мрежа. Врз основа на оваа постојна состојба, планирана е сообраќајна мрежа со која се обезбедува пристап до секоја катастарска парцела. Стационарниот сообраќај е решен согласно Член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на општина Прилеп.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на противпожарниот центар во општина Прилеп.

7.6 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат е во реонот на општина Прилеп.

7.7 Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидитет

Составен дел на овој Регулациски план на ГУП се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат. Ова особено се однесува на уредувањето на земјиштето за општа употреба во рамките на планскиот опфат, а пред сè планираната улична мрежа и јавен паркинг.

За обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет, сите јавни пешачки површини се планирани со континуирана нивелета без скалести денивелации, со најголем подолжен наклон од 1,48%.

При изработка на проекти за уличната мрежа, на секој пешачки премин треба да се предвидат рампи за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот.

Поставувањето на трајна и времена урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува пешачкиот сообраќај, а особено на лица со инвалидност со колички.

При изработка на проекти за уредување на земјиштето за општа употреба, како и проекти за градбите со основна класа на намена В2 – Здравство и социјална заштита и Д3 – Спорт и рекреација, задолжително се применуваат одредбите на Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите (Службен весник на Република Македонија, број 25/10), одредбите на членовите 109 – 123 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање (Службен весник на Република Македонија, број 60/12 и 29/15), како и одредбите на членовите 75 – 79 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

7.8 Мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата

Во Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. в. на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/2016, 64/18 и 168/18 год) во член 4, став 1 се вели дека со Урбанистичкото планирање се одредуваат основните начела во процесот на планирањето и уредувањето на просторот, а во став 2 на истиот член дадени се начелата меѓу кои е и начелото за заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, заштитата на недвижното културно наследство, заштитата од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии.

Согласно Законот за заштита на животната средина Сл.в. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 19/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), уредени се правата и должностите на Република Македонија, на општината, како и правата и должностите на правните и на физичките лица, во обезбедувањето услови за

заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задожително се изработува елаборат за чие одобрение е надлежен градоначалникот на (Сл. в. На Р.М. бр. 80/09) за планирање на објекти во рамките на градежните парцели, согласно разлчните намени, треба да се изработи Елаборат за заштита на животна средина согласно Прилог 2, глава VI, точка 6.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот на областите на животната средина, на биолошката разновидност и други природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

За КО Прилеп досега не се преземени посебни истражувања и мерења за утврдување на состојбата и квалитетот на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку преземање мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетните влијанија утврдени со законот за заштита на животната средина и посебните закони од:

- вршењето различни дејности;
- загадувачките супстанции и технологии;
- отпадот;
- бучавата и вибрациите;
- јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење.

За реализација на системот за заштита и унапредување на природата и животната средина потребно е да се почитува следното:

- Течните и гасовитите отпадоци да се сведат на минимум во затворени и полузатворени технолошки постапки.
- Вградените градежни материјали во објектите да содржат атести од овластена домашна институција за јонизирачко зрачење.
- Цврстиот отпад треба да се селектира со можност за негова рециклажа, како мерка за неговите количини, суровински и енергетски заштеди, додека депонирањето да се врши во санитарна депонија.
- Потребно е да се обезбедува предтретман на отпадните води пред испуштање во реципиент, кои е потребно да бидат по квалитет еднакви на квалитетот на водата од реципиентот.
- Задолжителна употреба на сепаратори - фаќачи на масло за собирање на површинските води од комплексот.
- Изградба на современа инфраструктура, со пречистувачи и септички јами за фекални води.
- Озеленување на површините околу комплексот во високо и ниско зеленило, со што битно ќе се подобри микроклимата на комплексот и спречување на ерозија и намалување на евентуелно загадување.
- Уредување на неуредените површини со комбинирано зеленило и соодветни содржини.
- Замена на азбест-цементните водоводни цевки со полиетиленски цевки.
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за одстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги сноси трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата врз животната средина, како и да ја доведе животната средина во најголема можна мерка како пред оштетувањето.

Конкретно за овој плански опфат, со оглед дека станува збор за зона за домување во централното градско јадро на Прилеп, може да се потврди дека и со идно планирање на

план од пониско ниво – ДУП, нема да има опасности од загадување на земјиштето, водата и воздухот.

Сепак потребно е спроведување на јавна кампања за:

- чист воздух,
- примарна сепарација и рециклажа на комуналниот отпад,
- заштита на атмосферските отпадни води од загадување,
- хортикултурно уредување на слободните површини,
-обезбедување на заштитни појаси со високо зеленило, особено покрај сообраќајниците.

Во конкретниов плански опфат има предвидено:

-Ниско и парковско зеленило - како посебна наменска зона во рамките на блок 7.4.1, која што паради густо изградениот градежен фонд изнесува 1,77% од вкупниот опфат.

Исто така во рамките на опфатот со цел да се зголеми % на зелени површини, делот од минор до мајор коритото на река Ореовечка која е озеленета, третирана е како заштитно зеленило Д2.

Треба да се обрне внимание да при разработка на план од пониско ниво ДУП – при дефинирање на општи и посебни услови за идна гардба во секоја парцела, се препорачува да се нагласат посебни одредби за зголемување на % на зелени површини, однонсо во секоја градежна парцела да се обезбедува соодветен % на озеленетост, со што ќе може да се задоволи критериумот и препораките на ГУП от на град Прилеп, за блок 7.4 каде се даваат насоки за % застапеност од мин 5 % на зелени површини.

Со вака зголемени зелени површини во рамките на блокот, со планирање на зимзелени жбунови, украсни и цветни зелени дворови во рамките на парцелите ќе се подобрат микроклиматските услови.

Сепак најважнен приоритет и мерка е да проработи совеста на секој поединец и жител за сочувување и подобрување на животната средина, од која дирекно зависи неговото здравје и квалитет на живеење.

Правна легислатива која ја уредува областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка на оваа планска документација е следната:

- Закон за заштита на животната средина Сл.в. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 19/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16).
- Закон за заштита на природата (“Службен весник на РМ”, бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16).
- Закон за заштита и спасување (Сл. В. На Р.М. бр: 36/2004, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18).
- Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл в. на РМ бр: 74/05 и 109/09.)
- Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл. в. на Р.М. бр. 67/04 92/07 и 47/11.)
- Закон за управување со одпадот (Сл. в. на Р.М. бр. 68/04.)
- Закон за спречување на штетната бучава (Сл. в. на С.Р.М. бр. 21/84.)
- Закон за води (Сл. в. на Р.М. бр. 4/98.)
- Уредба за класификација на водите (Сл. в. на Р.М. бр. 18/99.)

Како и други законски и подзаконски акти.

7.9 Мерки за заштита на културното наследство

Заштитата на културното наследство и историското наследство е важен сегмент во вкупниот развој на општеството. Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Согласно Законот за заштита културното наследство ("Сл.весник на Р.М." бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14 и 44/14 и 199/14, 104/15,154/15, 192/15 и 39/16) видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечвн објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Доколку при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат следните мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Закон за заштита на природата.

Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со Законот за заштита на културното наследство(Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 , 38/14 , 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели, постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

При идна изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот локалитет со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на нивната културна

функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услутите и во вкупниот развој на државата;

- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;

- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18 год), во просторните и урбанистички пданови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат:

- плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и
- насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Вградувањето соответен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 65 од Законот за заштита на културно наследство).

При изработката на урбанистички планови, да се утврди обврската за обезбедување археолошки надзор од надлежната установа за заштита на културното наследство, и да се постапи во согласност со одредбите на Законот за заштита на културно наследнство (("Сл.весник на Р.М." бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14 и 44/14 и 199/14, 104/15,154/15, 192/15 и 39/16).

Потребно е максимално запазување на интегритетот на спомениците на културата од градежен, културен, историски и функционален аспект и истите треба активно да бидат вклопени во културниот живот и туристичко рекреативната понуда на општината, со нивно ефикасно поврзување со сообраќајната инфраструктура.

Ревитализацијата ќе значи нивно перманентно долгорочно наменско користење, како предуслов за нивно зачувување за подолг временски период.

Во рамките на просторот предвиден за разработка - **Регулациски план на ГУП за град Прилеп за Блок 7.4 во четврт 7, КО Прилеп, општина Прилеп,** добиен е допис – доставување на податоци од страна на Министерството за култура – управа за за заштита на културното наследство, заведено под бр. 17-3067/2 од 30,09,2019 год, каде е наведено дека за предметниот опфат предходно се изработени заштитно конзерваторски основи заведени под бр. (08-39/9 од 17.02.2014 год) од страна на НУ Завод за заштита на спомениците и Музеј–Прилеп, а одобрени од страна на Управата за заштита на културно наследство со реш. УП бр. 17-37 од 26.02.2014 год.

Во рамките на опфатот се евидентирани (се наоѓаат) две заштитени добра и тоа:

- Куќа на к.п. бр. 17928
- Куќа на к.п. бр. 17894 и 17895

Согласно на ова, во Регулацискиот план потребно е да бидат вградени предходно спомнатите и одобрени ЗКО во планскиот опфат.

Во прилог извадок од текстуалниот дел од заштитно конзерваторските основи за погоре споменатите објекти, на соодветните к.п.

- Куќа на к.п. бр. 17928 на која постои објект под заштита – недвижно културно наследство. За оваа парцела од страна на НУ Завод за заштита на спомениците и културата и музеј Прилеп изработени се Заштитно конзерваторски основи, кои се составен дел на планот.

За оваа парцела се однесуваат посебни мерки и тоа:

- Да ги задржи габаритот, катноста и волуменот.
- Да ги задржи обработката на фасадата, формата, големината и поставеноста на отворите.
- Да ги задржи декоративните елементи на фасадите, концепцијата на влезот во однос на објектот и вертикалната комуникација.
- Да ја задржи постоечката боја на фасадите.
- Столарија бесправно изведена од несоодветни материјали да се замени со нова, изработена од дрво со профилација како постоечката и бајцована.
- Да го задржи нагибот на кровот, концепцијата на двоводен кров и покривач од поцинкован лим.
- Да се врати автентичниот изглед на објектот каде со интервенции на поединечните елементи е нарушена фасадата, а со тоа и естетските карактеристики и вредности на објектот.

- Куќа на к.п. бр. 17894 и 17895, на која постои објект под заштита – недвижно културно наследство. За оваа парцела од страна на НУ Завод за заштита на спомениците и културата и музеј Прилеп изработени се Заштитно конзерваторски основи, кои се составен дел на планот.

За оваа парцела се однесуваат посебни мерки и тоа:

- Да ги задржи габаритот, катноста и волуменот.
- Да ги задржи обработката на фасадата, формата, големината и поставеноста на отворите.
- Да ги задржи декоративните елементи на фасадите, концепцијата на влезот во однос на објектот.
- Да ја задржи постоечката боја на фасадите, односно да ја вратат постоечката боја на места каде се извршени интервенции.
- Столарија бесправно изведена од несоодветни материјали да се замени со нова, изработена од дрво со профилација како постоечката и бајцована.
- Да го задржи нагибот на кровот, концепцијата на четириводен кров и кровен покривач од ќерамиди.
- Поради малата процентуална изграденост на к.п. 17894 и к.п. 17895 кои се во сопственост на едно физичко лице, а големината на двете парцели изнесува 1180м2, се одобрува маркица за индивидуална станбена зграда со висина од П+1+Пк, врз основа на нормите регулирани со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Напомена:

Ова се пренесени ставови од заштитно конзерваторските услови, имплементирани во текстуалниот дел од плансата документација за **Регулациски план на ГУП за град Прилеп за Блок 7.4 во четврт 7, КО Прилеп, општина Прилеп.**

Овие ставови (одредби) треба да се имплементираат при идна разработка на план од пониско ниво – ДУП за блок 7.4.1, со оглед дека двата објекти се наоѓаат во тој блок.

Со идна планската документација (ДУП) овие два објекти треба да се задржат во целост, истите да се означат со знак за објекти под заштита, за кои важат посебни услови за

заштита во корелација со Завод и музеј Прилеп. Исто така при разработката на ДУП, за објектите во границата на контактната зона ќе треба да се почитувани препораките по однос на површините за градба, како и висините на истите.

7.10. мерки на заштита (изворно превземен текст од заштитно конзерваторските основи)

VI.Мерки за заштита

1. Валоризација на подрачјето на опфатот

Во рамките на подрачјето на опфатот постојат објекти за кои не се донесени решенија, а кои поседуваат елементи според кои треба да бидат валоризирани, категоризирани и за кои ќе биде определен соодветен режим за заштита.

Според актуелната законска регулатива /Правилник за валоризација, категоризција и ревалоризација на културното наследство, Сл. весник на РМ 111/2005/, куќата на ул. "Борка Талески" бр 78 има архитектонски, градежнички, амбиентални и документарни вредности.

Во однос на својствата на доброто, куќата има изразена автентичност, интегралност и зачуваност.

Во однос на функцијата куќата ја има зачувано својата основна утилитарна функција - живеење /становање/

Во однос на критериумите што се однесуваат на значењето на куќата, истата има културно - историско значење.

Куќата на ул. "Кеј 9-ти Септември" бр 30 има архитектонски, градежнички, амбиентални и документарни вредности.

Во однос на својствата на доброто, куќата има изразена автентичност, интегралност и зачуваност.

Во однос на функцијата куќата ја има зачувано својата основна утилитарна функција - живеење иако во овој временски период таа содржина е во мирување.

Во однос на критериумите што се однесуваат на значењето на куќата, истата има културно - историско значење.

22

р.бр.	Назив или име на сопственикот	Место	Адреса	КП	КО	Матичен број
1.	Куќа на КП 17928 /Пионерски дом/	Прилеп	Ул."Борка Талески" бр. 78	17928	Прилеп	/
2.	Куќа на КП 17894 , КП 17895	Прилеп	Ул."Кеј 9-ти Септември" бр.30	17894 , 17895	П1рилеп	/

За објекти предложени за валоризација ќе бидат изработени Елаборати за валоризација и ќе добијат заштитен статус на културно наследство.

Ревалоризација на подрачјето на опфатот

Подрачјето на плански опфат на Урбана единица бр. 13, урбан блок 13.03, плански опфат "1" по ГУП Прилеп, и објектите во него досега немале статус на заштитени добра па според тоа ревалоризација не може да се спроведе.

2. Категоризација

За поединечните објекти кои што претставуваат споменички добра потребно е да се изврши категоризација која ќе биде презентирана во следната табела.

р.бр.	Назив или име на сопственикот	Место	Адреса	КП	Категорија според загрозеност	Категорија според значење
1.	Куќа на КП 17928 /Пионерски дом/	Прилеп	Ул."Борка Талески" бр. 78	17928	Незагрозено културно наследство	Значајно културно наследство
2.	Куќа на КП 17894 , КП 17895	Прилеп	Ул."Кеј 9-ти Септември" бр.30	17894 , 17895	Незагрозено културно наследство	Значајно културно наследство

Категоризацијата е дефинирана според определени критериуми ва чл. 28 и 29 од Законот за заштита на културното наследство, односно чл. 8 од Правилникот за валоризација, категоризација и ревалиризација на културното наследство. Културните добра во границите на опфатот се значајни по својата :

- документарност, како материјален документ на архитектонска и градежна традиција на територија на Прилеп,

- автентичен градежен склоп на преминот од традиционална македонска градска архитектура во стилови со влијаниа од европската традиција и култура на градење.

- повторливост изразена преку примери на куќи со слични архитектонски, естетски и градежнички карактеристики.

23

3. Режим на заштита

- **Општи насоки за заштита на подрачјето на опфатот :**

Дефинирањето на режимот за заштита на подрачјето на опфатот подразбира обезбедување непосредна заштита на начин кој ќе ги зачува изворните, историски, урбанистичко-архитектонски уметнички и естетски вредности на културните добра и ќе овозможи наменско оспособување во опфатот за користење и внесување на нови содржини во согласност со современите потреби на стопанските, туристичките, културните и други дејности.

На постојните и новопроектираните објекти во заштитеното подрачје не се дозволени никакви интервенции без заштитно-конзерваторска согласност или конзерваторско одобрение издадени од надлежниот орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство.

Сите интервенции на објектите во заштитеното подрачје ќе се одредуваат според вредностите кои ќе се дефинираат со валоризацијата и категоризацијата на објектите и ќе се изведуваат под надзор на надлежната институција.

1. Режим на заштита за поединечните споменици на култура :

За поединечните споменици на културата во границите на опфатот кои се обработени со инвентаризација на добрата и за кои се определени граници на добрата се предвидува режим на заштита од втор степен.

Овој режим на заштита подразбира зачувување на изворната состојба со можност за адаптација на ентериерот.

- Посебни мерки што се однесуваат на заштитените објекти:

Куќа на ул. "Борка Талески" бр 78
- Да ги задржи габаритот, катноста и волуменот ,
- Да ги задржи обработката на фасадата, формата, големината и поставеноста на отворите,
- Да ги задржи декоративните елементи на фасадите, концепцијата на влезот во однос на објектот и вертикалната комуникација,
- Да ја задржи постоечката боја на фасадите,
- Столарија бесправно изведена од несоодветни материјали да се замени со нова изработена од дрво со профилација како постоечката и бајцована,
- Да го задржат нагибот на кровот, концепцијата на двоводен кров и покривач од поцинкуван лим,
- Да се врати автентичниот изглед на објектот каде со интервенции на поединечни елементи е нарушена фасадата а со тоа естетските карактеристики и вредностите на објектот.

Куќа на ул. "Кеј 9-ти Септември" бр 30
- Да ги задржи габаритот, катноста и волуменот ,
- Да ги задржи обработката на фасадата, формата, големината и поставеноста на отворите,
- Да ги задржи декоративните елементи на фасадитеи концепцијата на влезот во однос на објектот,
- Да ја задржи постоечката боја на фасадите односно да ја вратат

24

постоечката боја на места каде се извршени интервенции,
- Столарија бесправно изведена од несоодветни материјали да се замени со нова изработена од дрво со профилација како постоечката и бајцована,
- Да го задржи нагибот на кровот, концепцијата на четириводен кров и кровен покривач од ќерамида.
- Поради малата процентуална изграденост на КП 17894 и КП 17895 кој се во сопственост на едно физичко лице а големината на двете парцели изнесува 1180 м2, се одобрува маркица за индивидуална станбена зграда со висина П+1+Пк врз основа на нормите регулирани со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

2. Режим на заштита на контактната зона :

За контактните зони на поединечните добра кои се дефинирани во границите на опфатот се предвидува режим на заштита од трет степен.

Овој режим на заштита предвидува прилагодување на архитектонскиот израз и ограничување во поглед на габаритот и катната височина на објектите.

Режимот на заштита за контактната зона на куќа на ул. "Борка Талески" бр. 78 подразбира ограничување во поглед на катноста до максимална височина П+2+Пк.

Режимот на заштита за контактната зона на куќа на ул. "Кеј 9-ти Септември" бр. 30 подразбира ограничување во поглед на катноста до максимална височина П+2.

- Локација :

- Секоја новоиздадена локација или темелна реконструкција, да бидат со оптимални димензии, условена од режимот и степенот на заштита и максимално зачувување на зелените површини.

- Габарити и висини :

- Во планирањето да се посвети посебно внимание на големината на габаритите со цел да се избегне можноста за затворање на визурите кон споменичките добра.
- Објектите со поголеми габарити фасадно да се обработат со уситнување на фасадната ѕидна маса во карактеристични пропорции и мерки.
- Дозволените габарити и висини на новопроектираните објекти во опфатот надвор од контактната зона може слободно да се планираат во согласност со Законот за градба и законот за просторно и урбанистичко планирање и нивните измени и дополненија.

- Површина на градба:

При проектирањето на нови објекти, доградби или надградби на старите во актуелниот опфат, актуелната законска регулатива за урбанистичко планирање е следната:

- Закон за просторно и урбанистичко планирање - Прочистен текст, /Сл. весник на РМ бр. 24/2008/;

25

- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање / Сл. весник на РМ бр. 78/2006/ и
- Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови

- **Сообраќај:**

Сообраќајот во односниот опфат е дефиниран со улиците "Кеј 9-ти Септември", ул. "Борка Талески", ул."Моша Пијаде", ул. "Ордан Чопела" и ул. "Ристе Ристески-Ричко" сите со асвалтна завршна површина и наменети за колски сообраќај.

- **Инфраструктура :**

- Електричните и телефонските инсталации да бидат согласно прописите и регулативата за таа проблематика.
- Водоводната и канализационата мрежа да се реши по сите позитивни прописи кои ја регулираат таа проблематика.
- Донесување и спроведување на мерки за противпожарна заштита со оглед на одредени улиците со мала профилација.

- **Поволности за сопствениците на објектите:**

- Со цел сите овие барања од режимот за заштита да се спроведат во целост без отпор од сопствениците, неопходно е да им се дадат извесни повластици коишто ке им го олеснат спроведувањето на бараниот режим. Таквите повластици би можеле да бидат ослободување од даноци, доделување на поволни кредити и намалување на комунална такса.
- За споменичките добра задолжителен е бесплатен надзор од страна на службите за заштита на спомениците.

- **Туристичка такса :**

- Во договор со локалната самоуправа да се одделува процент од туристичката такса и формирање на фонд за одржување на споменичките добра.

- **Користење, презентација и популаризација на споменичките добра:**

- Споменичките добра како дел од Урбаниот опфат треба да се искористат за презентација и популаризација на културното наследство на стручната и културна јавност.

- **Управување со споменичкото наследство и ризиците на кои тоа е изложено:**

- Споменичките добра како составен дел од урбаниот опфат се управувани од страна на сопствениците Бикоски Ристо со куќа на ул. "Борка Талески" бр. 78 и Димитриоски Методија со куќа на ул. "Кеј 9-ти Септември" бр 30. Доказ: имотни листови.

26

- Достапност на урбанистичкиот опфат:

Урбаниот опфат не се наоѓа на транзитни, туристички или фрекфентни патишта но се наоѓа во непосредна близина на централното подрачје која е често посетувана од туристи па се предвидува посета и на поединечните културни добра во границите на опфатот од улиците "Кеј 9-ти Септември", ул. "Борка Талески" и ул."Моша Пијаде"

- **Интегрирана заштита, конзерваторски мониторинг :**

Заштитата на поединечните културните добра на подрачјето на опфатот е всушност основа за изготвување на заштитно-конзерваторски основи и конзерваторски мониторинг при вградување и реализација на истите.

4. Посебни мерки

- Посебните мерки за заштита предвидени со Правилникот за изготвување на заштитно конзерваторски основи (Службен весник на РМ од 19.12.2005 год.) член 10, став 1 точка 5 содржат конзерваторски, правни, административни, и други превентивни и корективни мерки какви што се, особено :

- За време на изведба на земјани работи при изградба на индивидуални стамбени објекти во делот од урбанистичкиот опфат, доколку се констатира присуство на археолошки наоди се известува надлежната институција и се пристапува на археолошки надзор на теренот.

- Основна цел на археолошки истражувања е идентификација на елементи на археолошкото наследство на локациите предвидени за градење како и зачувување на одредени археолошки остатоци на самите загрозени подрачја, наоѓалишта или објекти. Овој вид истражување може да се врши и заради откривање на делови од урната или оштетена градба, утврдување на нејзините постари фази или други културни слоеви во внатрешноста или во непосредната околина на габаритот на некој објект. По правило, заштитно-археолошки истражувања се вршат доколку со акт на надлежен орган истото е наложено како мерка на заштита.

- Реализацијата на истражувањето, како генерален поим, покрај изведувањето на самите истражувачки работи го подразбира и документирањето на истражувањето. Тоа треба да се состои од водење на соодветна документација за археолошките, архитектонски, урбанистички, историско-уметнички истражувања и тоа: дескриптивна, техничка, фото и видео документација. Тие видови документација треба да се изведат на две нивоа и тоа: теренска и финална документација. Документацијата треба да биде изготвена за сите видови, типови добра.

- Неопходни подготвителни мерки за заштита во случај на вооружен судир и природни непогоди се превземаат за обезбедување на документацијата за заштитените добра и нејзино чување на различни и сигурни места, за подготовка за евакуација за заштитените движни добра, вклучувајќи ги и составните делови на заштитените недвижни добра предвидени за демонтирање, планирање на итни мерки за заштита од пожар, планирање на итни мерки за заштита од рушење, определување на персонал за заштита, особено на стручни и други оперативни тимовии планирање на мерки за безбедносна заштита во случај на вооружен судир и природни непогоди.

27

- Мерки за заштита од последиците од загадувањето се предвидуваат заради намалување на ризиците од физички оштетувања и други штетни последици врз недвижното културно наследство и неговата непосредна околина забрзани од загадувањето на животната средина и природата. Истите се превземаат со следење на влијанието на загадувањето врз недвижното културно наследство и неговата непосредна околина и со доставување на релевантни податоци за истите до министерствата надлежни за вршење на посебен конзерваторски и централно-еколошки мониторинг. Правните и физичките лица кои имаат извори што вршат загадување со штетни последици врз недвижното културно наследство и неговата непосредна околина се должни во нивната студија за оцена на влијанието врз животната средина да утврдат соодветни мерки за намалување на таквите последици, како и да ги спроведат тие мерки во законскиот рок за реализација на проектите.

- Мерки за унапредувањето на квалитетот на животната средина треба да превземат единиците на локалната самоуправа, надлежните јавни установи за заштита и имателите на заштитените добра во околината на недвижното културно наследство, како и во границите на споменичките целини и културните предели. Единиците на локалната самоуправа должни се да превземат мерки за отворените градски и други јавни простори во заштитеното подрачје. Надлежните јавни установи должни се да превземат мерки во рамките на програмите за ревитализација и конзерваторските проекти што ги реализираат. Прием на конзерваторски работи и технички преглед во смисла на прописите за изградба на објекти не може да се врши, ако изведувачот на работите односно инвеститорот не ги извршил во целост мерките за унапредување на квалитетот на животната средина определени со заштитно-конзерваторските и другите услови за градба во заштитено подрачје.

- Ако имателот предизвика штета на заштитеното добро со употребување што е спротивно на определената намена или со постапување што е спротивно на пропишаниот режим на заштита или ако штетата е настаната поради неизвршување, ненавремено или несовесно извршување на надлежната мерка на заштита, Управата може со решение да го задолжи имателот во определен рок да ја воспостави поранешната состојба или да ги надомести трошоците за тоа. Доколку имателот не постапи според решението во определениот рок, враќањето во поранешната состојба го извршува определената установа за заштита, на товар на имателот.

Заклучок :

Режимот за заштита предвиден со овие заштитно-конзерваторски основи за Детален урбанистички план, за подрачјето на **Урбана единица бр. 13, урбан блок 13.03, плански опфат "1" по ГУП Прилеп,** содржи заштита и стандарди на дозволени интервенции односно дејствија што можат да се преземаат врз заштитените добра и во нивната блиска околина, изразен како :

- Заштита од втор степен
- Заштита од трет степен

Детална разработка на режимот на заштита за секој поединечен објект кој се наоѓа во границите на опфатот ќе биде даден во Елаборатите за валоризација и реваловризација на поединечните објекти а со заштитно конзерваторскиве основи е регулирано преку контактните зони определени во Картоните за евиденција на поединечните споменички добра.

28

VII.Спроведување на основите

Овој дел од заштитно-конзерваторските основи треба да послужи како основа за изготвување на параметрите на планот и истиот да биде комплетно вграден при изготвувањето на ДУП за подрачјето на **Урбана единица бр. 13, урбан блок 13.03, плански опфат "1" по ГУП Прилеп** .

Заштитно-конзерваторските услови за подрачјето на опфатот се наведени во Мерките за заштита на подрачјето на опфатот, поточно во Режимот за заштита и посебните мерки.

раководител

архитект - конзерватор советник
Кире Јованоски

член
Елена Ѓоргиевска
архитект конзерватор

Напомена:
Текстот од т. 7.10 (односно од стр. 54 до стр. 61) е комплетно превземен од текстот од Заштитно конзерваторските основи изработени од Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Прилеп, односно постапено е по збелешки во дописот заведен под бр. 17-306/4 од 30.12.2019

Составиле:

Марјан Шукуроски, диа
Овластување бр. 0.0060

Роми Желческа Иваноска
Овластување бр. 0.0483

ГРАФИЧКИ ДЕЛ- СООБРАЌАЈ



Раководител:
диа И. Чупаркоски

ГРАФИЧКИ ДЕЛ- СИНТЕЗЕН ПЛАН



М 1:1000

плански опфат

Раководител:
диа И. Чупаркоски



ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
за четврт 7, блок 7.4, Блок за детално планирање 7.4.1
во к.о. ПРИЛЕП - општина ПРИЛЕП
плански период 2020-2025

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА М=1:1000

ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ СО НАНЕСЕНИ ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ИЗОФАС ДОО ПРИЛЕП ИЗРАБОТУВАЧ:	ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,ГРАДЕЖНИШТВО И ТРГОВИЈА "ИЗОФАС" ДОО - ПРИЛЕП	УПРАВИТЕЛ:
СОРАБОТНИК:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖИНЕРИНГ "БИРО ШУКУРОСКИ" ДОО - ПРИЛЕП	М.П.
НАРАЧАТЕЛ:	ОПШТИНА ПРИЛЕП	
ПЛАН:	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за четврт 7, блок 7.4, Блок за детално планирање 7.4.1 во ко Прилеп - општина Прилеп	димензија на цртеж: 840X500
ПРИЛОГ:	ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ СО НАНЕСЕНИ ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА	ФАЗА: "У"

ПЛАНЕР: Марјан Шукуроски *дипл.инж.арх. овластување бр. 0.0060*	СОРАБОТНИЦИ: Роми Иваноска дипл.инг.арх. - овластување бр.0.0483 Гордана Филевска дипл.инг.арх. - овластување бр.1.0670 Марија Шукуроска маг. инг. арх. Лидија Шукуроска град.инг. Ордан Јолески дипл. ел. инг. - овластување бр.4.0250	РАЗМЕР 1:1000 ДАТУМ 08/2020	ТЕХ. БР. У - 11/20 ПРИЛОГ БР. 4

ДООЕЛ НОВА ГЕОДЕТ - Битола

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

размер 1 : 2000

К.О. Прилеп



Легенда

- катастрска граница на катасарска парцела
- објекти кои се постое*ки на катастарскиот план
- ново снимени објекти
- асфалтен пат
- канделабра
- бетонска бандера низок напон струја
- дрвена бандера низок напон струја
- телефонски столб
- *акта
- 17922 број на катстарска парцела
- 264 број на снимена детална то*ка
- 651.218 снимена кота на терен

Изработил

Сребре Не*овски дипл. геод. ин*.

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
за четврт 7, блок 7.4, Блок за детално планирање 7.4.1
во к.о. ПРИЛЕП - општина ПРИЛЕП
плански период 2020-2025

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА M=1:1000

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

ИЗРАБОТУВАЧ:	ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,ГРАДЕЖНИШТВО И ТРГОВИЈА "ИЗОФАС" ДОО - ПРИЛЕП	УПРАВИТЕЛ:
СОРАБОТНИК:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖИНЕРИНГ "БИРО ШУКУРОСКИ" ДОО - ПРИЛЕП	М.П.
НАРАЧАТЕЛ:	ОПШТИНА ПРИЛЕП	
ПЛАН:	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за четврт 7, блок 7.4, Блок за детално планирање 7.4.1 во ко Прилеп - општина Прилеп	димензија на цртеж: 840X500
ПРИЛОГ:	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА	ФАЗА: "У"

ПЛАНЕР: Марјан Шукуроски *дипл.инж.арх. овластување бр. 0.0060*	СОРАБОТНИК: *инг.геодет* Кире Ангелковски	РАЗМЕР 1:1000	ТЕХ. БР. У - 11/20
		ДАТУМ 08/2020	ПРИЛОГ БР. 5



Број на Г.П.	Класа на намена	Пресметана површина од на гп (м2)	Површина за градење (м2)	Бруто површина (м2)	Катност	Број на објекти	Тип на градба	Состојба на објектот
"1"	Д1	1220.09	/	/	/			
"2"	А1	416.83	173.18	692.72	П+2+Пк	1	скелетна	добра
"3"	А1	32.06	неизградено градежно земјиште					
"4"	А1	20.88	неизградено градежно земјиште					
"5"	А1	297.28	122.2	366.6	П+1+Пк	1	скелетна	добра
"6"	А1	216.84	124.04	496.16	В+П+1+Пк	1	скелетна	добра
"7"	А1	135.8	109.83	543.2	В+П+1	1	скелетна	добра
"8"	А1	42.77	неизградено градежно земјиште					
"9"	А1	186.76	110.89	221.76	С+1	1	масивна	средна
"10"	А1	78.62	неизградено градежно земјиште					
"11"	А1	13.08	неизградено градежно земјиште					
"12"	А1	416.55	155.88	467.64	С+1+Пк	1	масивна	средна
"13"	А1	234.52	празна градежна парцела					
"14"	А1	27.74	неизградено градежно земјиште					
"15"	А1	229.93	118.04	354.12	П+1+Пк	1	мешана	добра
"16"	А1	20.63	неизградено градежно земјиште					
"17"	А1	321.75	69.53	139.06	П+1	1	масивна	средна
"18"	А1	486.43	празна градежна парцела					
"19"	А1	196.07	85.32	170.64	П+1	1	масивна	средна
"20"	А1	224.81	103.77	207.54	П+1	1	масивна	средна
"21"	А1	175.27	63.18	126.36	П+1	1	масивна	средна
"22"	А1	154.42	93.73	93.73	П	1	мешана	добра
"23"	А1	166	72.59	145.18	В+П	1	субстандардна	лоша
"24"	А1	9.64	неизградено градежно земјиште					
"25"	А1	437.09	186.04	372.08	С+1	1	масивна	средна
"26"	А1	191.16	105.93	211.86	П+1	1	мешана	добра
"27"	А1	224.64	93.25	279.75	С+2	1	мешана	добра
"28"	А1	171.08	74.01	148.02	С+П	1	мешана	добра
"29"	А1	361.06	102.3	204.6	П+1	1	мешана	добра
"30"	А1	236.16	94.41	188.62	В+П	1	субстандардна	лоша
"31"	А1	170.61	57.02	114.04	П+1	1	субстандардна	лоша
"32"	А1	169.4	60.01	120.02	П+1	1	масивна	средна
"33"	А1	333.87	107.32	321.96	В+П+1	1	масивна	средна
"34"	А1	153.35	64.49	128.98	П+1	1	мешана	добра
"35"	А1	231.63	97.71	195.42	П+1	1	масивна	средна
"36"	А1	142.03	56.83	170.49	П+1+Пк	1	скелетна	добра
"37"	А1	166.71	72.53	145.06	П+1	1	мешана	добра
"38"	А1	142.86	44.9	44.9	П	1	масивна	средна
"39"	А1	416.73	167.83	335.66	В+П, С+2	2	мешана	добра
"40"	А1	241.9	100.02	300.06	П+1+Пк	1	мешана	добра
"41"	А1	247.02	82.91	165.82	П+1	1	мешана	добра
"42"	А1	255.27	65.66	131.32	С+1	1	субстандардна	лоша
"43"	А1	864.73	280.21	560.42	П+1,С+1	2	масивна	средна
"44"	А1	243.01	129.61	129.61	П	1	мешана	добра
"45"	А1	439.41	127.92	383.76	П+1+Пк	1	мешана	добра
"46"	А1	81.49	50.68	101.36	П+1	1	субстандардна	лоша
"47"	А1	165.41	празна градежна парцела			1		
"48"	А1	660.05	183.65	550.95	В+П+Пк	1	мешана	добра
"49"	А1	314.75	166.51	333.02	П+1,П+1	2	мешана	добра
"50"	А1	195.41	71.17	142.84	П+1	1	мешана	добра
"51"	А1	180.96	78.53	157.06	П+1	1	мешана	добра
"52"	А1	110.43	73.92	147.84	П+1	1	масивна	средна
"53"	А1	40.82	неизградено градежно земјиште					
"54"	А1	4.29	неизградено градежно земјиште					
"55"	А1	164.92	130.35	391.05	С+2+Пк	1	масивна	средна
"56"	А1	234.4	74.08	222.24	В+П+1	1	мешана	добра
"57"	А1	93.72	празна градежна парцела					
"58"	А1	301.24	116.57	233.14	С+1	1	мешана	добра
"59"	А1	339.78	120.71	362.13	В+П+1	1	масивна	средна
"60"	А1	172.96	60.95	121.9	П+1	1	масивна	средна
"61"	А1	205.83	127.23	254.46	С+1	1	мешана	добра
"62"	А1	257.75	119.57	239.14	С+1	1	масивна	средна
"63"	А1	361.91	90.64	181.28	П+1	1	мешана	добра
"64"	А1	481.6	90.3	180.6	В+П+1	1	мешана	добра
"65"	А1	107.79	64.52	129.04	П+1	1	мешана	добра
"66"	А1	5.88	неизградено градежно земјиште					
"67"	А1	77.12	49.88	99.76	П+1	1	масивна	средна
"68"	А1	37.37	неизградено градежно земјиште					
"69"	А1	3.62	неизградено градежно земјиште					
"70"	А1	205.46	98.22	294.66	В+П+1	1	мешана	добра
"71"	А1	198.7	94.23	282.69	В+П+1	1	мешана	добра
"72"	А1	409.36	122.45	367.35	В+П+1	1	мешана	добра
"73"	А1	917.46	142.52	285.04	С+1	1	масивна	средна
"74"	А1	477.21	74.31	148.62	В+П	1	масивна	средна
"75"	А1	690.59	117.09	234.18	П+1	1	масивна	средна
"76"	А1	569.2	228.07	567.28	П+1,В+П+1	2	масивна	средна
"77"	А1	149.8	124.25	248.5	П+1	1	мешана	добра
"78"	В5	811.71	163.45	163.45	П	1	масивна	средна
"79"	А1	719.25	81.12	85.12	П	1	субстандардна	лоша
"80"	Б1	49.36	33.37	33.77	П	1	масивна	средна
"81"	А1	20.45	неизградено градежно земјиште					
"82"	А1	194.68	102.44	152.72	П+1	2	мешана	добра
"83"	А1	127.13	114.1	228.2	П+1	1	мешана	добра
"84"	А1	262.7	82.6	165.2	П+1	1	масивна	средна
"85"	А1	374.31	83.39	166.78	П+1	1	масивна	средна
"86"	А1	532.87	77.78	155.56	П+1	1	масивна	средна
"87"	А1	579.26	82.01	164.02	П+1	1	масивна	средна
		23053.49	7063.75	16268.11				

Напомена:
На Г.П. 12 и на Г.П. 75 и 76 постојат објекти под заштита: НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

	ОПИС	ПОВРШИНА m^2	ПРОЦЕНТ %
1	површина на плански опфат	31 847.55	100.00 %
2	вкупна површина на катастарски парцели во опфат	23 053.49	72.38 %
	2.1 катастарски парцели со објекти	20 495.48	64.35%
	2.2 празни катастарски парцели	980.08	3.08 %
	2.3 неизградено градежно земјиште	357.85	1.12 %
3	зеленило - Д1	1 220.09	3.83%
4	јавни површини во плански опфат	7 314.63	22.97%
	3.1 коловоз - асвалт	4 375.65	13.74 %
	3.2 тротоари - асвалт	1 140.80	3.58 %
	3.3 неуредени површини - земја	1 798.18	5.65 %
5	река	1 479.43	4.65 %
6	површина под об јекти	7 063.75	
7	развиена површина	16 268.11	
8	процент на изграденост	22.18%	
9	коефициент на искористеност	0.51	
10	вкупен број на катастарски парцели	101	
11	катастарски парцели со објекти	69	
12	празни катастарски парцели	18	
13	катастарски парцели под јавни површини	14	
14	нето густина на населеност	123ж/ха	
15	бруто густина на населеност	89ж/ха	

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
за четврт 7, блок 7.4, Блок за детално планирање 7.4.1
во к.о. ПРИЛЕП - општина ПРИЛЕП
плански период 2020-2025

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА M=1:1000

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА БЛОК
- Б 7.4.1 НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
- ОСОВИНА НА КОЛОВОЗ

КЛАСА НА НАМЕНИ НА ЗЕМЈИШТЕ:

- А ДОМУВАЊЕ
- А1 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ
- В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- В5 ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ
- Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
- Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО
- Е ИНФРАСТРУКТУРА
- Е.1. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (сообраќајници)
- Е.2. КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (трафостаница)
- Е.1. РЕКА ОРЕВОЕЧКА

- ПРАЗНА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- МАСИВЕН СИСТЕМ (СРЕДНА СОСТОЈБА)
- МЕШАН СИСТЕМ (ДОБРА СОСТОЈБА)
- РУИНИРАНИ ОБЈЕКТИ (ЛОША СОСТОЈБА)

ЛЕГЕНДА ИНФРАСТРУКТУРА:

СООБРАЌАЈ:
- АСВАЛТ
- ТРОТОАР
- НЕУРЕДЕНИ ПОВРШИНИ

ЕЛЕКТРО. И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА:
- ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА - ПОСТОЈНА
- ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА
- ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА - ПОСТОЈНА

ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА:
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА - ПОСТОЈНА
- ВОДОВОДНА МРЕЖА - ПОСТОЈНА
- АТМОСВРЕСКА ИНСТАЛАЦИЈА - ПОСТОЈНА

ИЗОФАС д.о.о. Прилеп ИЗРАБОТУВАЧ:	ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,ГРАДЕЖНИШТВО И ТРГОВИЈА "ИЗОФАС" ДОО - ПРИЛЕП	УПРАВИТЕЛ:
СОРАБОТНИК:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖИНЕРИНГ "БИРО ШУКУРОСКИ" ДОО - ПРИЛЕП	М.П.
НАРАЧАТЕЛ:	ОПШТИНА ПРИЛЕП	
ПЛАН:	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за четврт 7, блок 7.4, Блок за детално планирање 7.4.1 во ко Прилеп - општина Прилеп	димензија на цртеж: 840X500
ПРИЛОГ:	ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА	ФАЗА: "У"

ПЛАНЕР:
Марјан Шукуроски
дипл.инж.арх. овластување бр. 0.0060

СОРАБОТНИЦИ:
Роми Иваноска дипл.инг.арх. - овластување бр.0.0483
Гордана Филевска дипл.инг.арх. - овластување бр.1.0670
Марија Шукуроска маг. инг. арх.
Лидија Шукуроска град.инг.
Ордан Јолески дипл. ел. инг. - овластување бр.4.0250

РАЗМЕР 1:1000 | ТЕХ. БР. У - 11/20 | ДАТУМ 08/2020 | ПРИЛОГ БР. 6

ДООЕЛ НОВА ГЕОДЕТ - Битола

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

размер 1 : 2000

К.О. Прилеп



Изработил

Сребре Не*овски дипл. геод. ин*.

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
за четврт 7, блок 7.4, Блок за детално планирање 7.4.1
во к.о. ПРИЛЕП - општина ПРИЛЕП
плански период 2020-2025

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА M=1:1000

ПЛАН НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА БЛОК
- Б 7.4.1 НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
- ГРАНИЦА НА НАМЕНСКА ЗОНА
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

КЛАСА НА НАМЕНИ НА ЗЕМЈИШТЕ:

- A ДОМУВАЊЕ
  - A1 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ
- B ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
  - B5 ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ
- Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
  - Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО
- E ИНФРАСТРУКТУРА
  - E1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (сообраќајници)
  - ВК РЕКА ОРЕВОЕЧКА

- ГРАНИЦА НА КОНТАКТНА ЗОНА
- ГРАНИЦА НА ЗАШТИТЕНО ДОБРО
- 1,2 реден број на недвижно културно

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ за ДУП за УЕ бр.13, УБ 13.03 вл.офт "1" во ГУП Прилеп

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП

ПО ЗАБОРАВ И КОПИЕ ПРИЛЕП

Град:	ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ за ДУП за УЕ бр.13, УБ 13.03 вл.офт "1" во ГУП Прилеп	Целта:	Бр. ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ
Проект:	ПОЕДИНЕЧНА СПОМЕНИЧНА ВРЕДНОСТ СПОРЕД ПОСТОЈНА СПРАТОСТ	Ревизија - дата:	Го-ра: 08/365
Изработил во завод:	Раководен архитект - конзерватор Д.Д.Е. ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ Кирс Лепенски	Дата:	Одобрил:
ПО ЗАБОРАВ И КОПИЕ ПРИЛЕП	Виши соработник - Д.Д.Е. ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ Дипл.инж. Горјана Василевска - Стојанова	Ажурирал 2024 год.	бр. 11

Реден бр.	Назив или име на сопственик	Место	Адреса	бр. на КП	К. О.	Матичен број
1.	Куќа на "Кеј 9-ти Септември" бр.30	Прилеп	"Кеј 9-ти Септември" бр.30	КП 17894 КП 17895	Прилеп	/
2.	Куќата на "Борка Талески" бр.78	Прилеп	"Борка Талески" бр.78	КП 17928	Прилеп	/

ИЗОФАС ДООЕЛ Прилеп	ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,ГРАДЕЖНИШТВО И ТРГОВИЈА "ИЗОФАС" ДОО - ПРИЛЕП	УПРАВИТЕЛ:	
ИЗРАБОТУВАЧ:			
СОРАБОТНИК:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖИНЕРИНГ "БИРО ШУКУРОСКИ" ДОО - ПРИЛЕП	М.П.	
НАРАЧАТЕЛ:	ОПШТИНА ПРИЛЕП		
ПЛАН:	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за четврт 7, блок 7.4, Блок за детално планирање 7.4.1 во ко Прилеп - општина Прилеп	димензија на цртеж: 840X500	
ПРИЛОГ:	**ПЛАН НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И СПОМЕНИЧНИ ЦЕЛИНИ**	ФАЗА:	"У"
ПЛАНЕР: Марјан Шукуроски *дипл.инж.арх. овластувањe бр. 0.0060*	СОРАБОТНИЦИ: Роми Ивановска, дипл.инг.арх. - овластување бр.0.0483; Гордана Филевска, дипл.инг.арх. - овластување бр.1.0670; Марија Шукуроска, маг. инг. арх.; Лидија Шукуроска, град.инг.; Ордан Јолески, дипл. ел. инг. - овластување бр.4.0250	РАЗМЕР 1:1000	ТЕХ. БР. У - 11/20
		ДАТУМ 08/2020	ПРИЛОГ БР. 7

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

СОДРЖИНА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
Вовед

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

2. ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

3. ТЕКСТУАЛНИ ОДРЕДБИ НА ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО

4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА

5.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

6. НАСЕЛЕНИЕ И ДОМУВАЊЕ

7.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

8. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

10. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

11. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР
12. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ВОЕНИ РАЗУРНУВАЊА, ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НЕПОГОДИ
13. ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ
2. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ИНФРАСТРУКТУРАТА
3. БИЛАНСНИ СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

- ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА

- ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА Д.У.П.

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. План на намена на земјиштето и градбите	М=1:1000
2. Регулационен план	М=1:1000
3. План на површини за градење	М=1:1000
4. Сообраќаен план со нивелациски план	М=1:1000
5. Инфраструктурен план	М=1:1000
6. План на споменици на културата и споменични целини	М=1:1000
7. Синтезен план	М=1:1000

ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 7, БЛОК 7.4, БЛОК ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ 7.4.1 во к.о. Прилеп општина Прилеп -

Вовед

Изработката на Детален урбанистички план за четврт 7, блок 7.4,блок за детално планирање 7.4.1 во к.о. Прилеп во Општина Прилеп се изработува по иницијатива на физички лица, кои се сопственици на к.п. а се заинтересирани да ги остварат своите права согласно законските и подзаконските акти од областа на урбанизмот.

Нарачател е општина Прилеп.

Планскиот опфат за кој треба да се изработи Детален урбанистички план за четврт 7, блок 7.4, блок за детално планирање 7.4.1 во к.о. Прилеп во Општина Прилеп, се наоѓа во централниот дел од градежниот реон во Прилеп и истиот се граничи од запад со осовина на ул. “Ристе Ристески Ричко“, од југо запад со ул. “Ордан Чопела“, од југо исток со ул. “Моша Пијаде“, од северо исток со ул. “Борка Талески“, а од од север со речното корито на река Ореовечка.

Напомена:

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. в. на РСМ бр. 32/2020, во т. 2 Преодни одредби, во член 93, се вели дека за постапките за донесување на урбанистички планови започнати пред донесување на овој закон, доколку е одобрена планска програма, продолжуваат согласно законот по кој се започнати.

Согласно на ова, овој ДУП со оглед дека е одобрена ПП со Решение бр. 10-712/4 од 10 06 2020 год, ќе се работи согласно важечките законски и подзадконски акти од областа на урбанизмот и тоа:

- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/2016, 64/18 и 168/18 год), како и
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/2017 и 86/18год.),
- Правилникот за поблиска софржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината ии начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на РМ бр.142/15).

1. ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Согласно одобрената Планска Програма од страна на општина Прилеп, за која е изготвено Решение за одобрување на Планската програма, заведено под бр. БР.10-712/4 од 10.06.2020година од стрна на Градоначалникот на општина Прилеп, потребно е да се изработи урбанистичко планска документација – Детален урбанистички план за четврт 7, блок 7.4,блок за детално планирање 7.4.1 во к.о. Прилеп во Општина Прилеп.

Врз основа на член 11 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/2016, 64/18 и 168/18), се пристапува кон изработка на овој вид на планска документација.

Основна цел при изработката на овој план е да се увидат програмските барања, а во исто време да се задоволат потребите и барањата на граѓаните, да се увидат проектираните состојби на сообраќајната мрежа, да се извршат одредени измени и модифицирање на истата како и да се предвидат одредени прилагодувања со постојната состојба за да може да се изврши брза реализација на планот.

После извршениот увид на лице место, извршените анализи и повеќето предвидени варијанти се предвидува задржување на поголем дел од постојната состојба на катастарските парцели каде има по еден објект, предвидена е и промена на границите на катастарските парцели каде има нови јавни сообраќајни површини - улици од секундарна сообраќајна мрежа за да се обезбеди пристап до парцелите согласно законската регулатива.

Планскиот период за кој се изработува оваа планска документација е во период од 2020 до 2025 год.

2. ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Опфатот се наоѓа во централниот дел од градежниот реон во Прилеп и истиот се граничи од југо запад и запад со осовина на ул. “Ордан Чопела“ и ул. “Ристе Ристески Ричко“, од северо запад со речното корито на река Ореовечка, од северо исток со ул. “Борка Талески“, а од од југо исток со ул. “Александар Македонски“.

Во рамките на четврт 7, блок 7.4., поточно 7.4.1 го зафаќа југо источниот дел.

Опфатот е на просечна надморска восина од ~ 650м, со благ пад кон југозапад и запад од околу 1% што е поволно за решавање на комунална инфраструктура.

Поточно највисоката висинска кота е на североисточната страна на самата раскрсница со 652,86м, на спојот на ул. “Борка Талески“ со ул. “Александар Македонски“, додека најниската е на 650.36 која е на прекршувањето на ул. “Ристе Ристески Ричко“ која продолжува северозападно кон спојот ко ул. “Кеј 9-ти Септември“, односно коритото на река Ореовечка.

Опфатот е со трапезна испрекршена форма, така што од северозападната страна опфатот по должина на коритото од река Ореовечка е со должина од 148.32м, од северо источна страна по ул. “Борка Талески“ е со должина од 194.58м, од југоисточната страна по ул. “Александар Македонски“ е со должина од 107,05м, додека од југо згадна страна и западна страна по ул. “Ордан Чопела и по ул. “Ристе Ристески Ричко“ е со должина од 290,14м.

Вака дефинираниот опфат има површина од 31847,60 м2, односно 3,184 ха, кој е потврден и со податокот од Изводот од РП .

Опфатот во поглед на примарната сообраќајна мрежа е обиколен со асфалтни сообраќајници со по две сообраќајни ленти и тротоари од двете страни, а додека од секундарната сообраќајна мрежа е обезбеден пристапот до оние парцели каде што постои можност за нивна поврзаност.

3. ТЕКСТУАЛНИ ОДРЕДБИ НА ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО

Согласно изводот од РП за ГУП на град Прилеп издаден од општина Прилеп под бр. 10-606-1 од 06.05.2020 год, во поглавје 5 Посебни услови за изградба, за блокот за детално планираде 7.4.1 се потврдува дека границата на блокот за детално планирање е дефинирана со осовините на собирната улица С17 „Александар Македонски“ од југоисточната страна, со осовините на улиците од секундарната улична мрежа и тоа: Ср8 „Борка Талески“ од североисточната страна, со Ст 3 и Ст 2 - ул. “Ристе Ристески Ричко“ од југозападната страна, Пр1 “Ордан Чопела“ од јужната страна и Ср б - крак од “Ордан Чопела“ од северо источната страна која се спојува со Ср 17, како и со осовината на коритото на река Оревоечка од северозападната страна на блокот.

Во рамките на блокот за детално планирање се потврдува дека се застапени класите на намени и тоа:

А – Домување

А1 – Домување во станбени куќи
А2 – Домување во станбени згради
А4 – Времено сместување

Б – Комерцијални и деловни намени

Б1- мали комерцијални и деловни намени

В – Јавни институции

В5 – Верски институции

Д – Зеленило и рекреација

Д1 – Парковско зеленило

Е – Инфраструктура

Е1 – Комунална инфраструктура и други инфраструктурни содржини и градби.

Е2 – Комунална супраструктура

- Процентуалното учество на основните класи на намена изнесува 80% за А1, 15% за А2 и 5% за А4.
- Површините со намена А2 да тежнеат кон периметарот на блокот, долж улиците чии осовини го дефинираат блокот.
- При изработка на планови од пониско ниво да се планираат максимални густини на домување до 150 жители/хектар кај класата А1, односно до 350 жители/хектар кај класата А2.
- Зеленило: Процентот на озеленетост во блокот треба да изнесува најмалку 5%.

Согласно ваквата препорака во рамките на опфатот се дозволуваат и компатибилни класи на намени кои треба да бидат застапени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в. на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/2017 и 86/18год).

4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА

Планската програма која е предходно одобрена од страна на општина Прилеп за која е изготвено Речение за одобрување на Планската програма, заведено под бр. БР.10-712/4 од 10.06.2020 година год, е составен дел и е дадена како прилог на оваа планска документација.

5.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

- Намена на земјиште и градби

Основната намена на земјиштето кое е предмет на обработка на овој ДУП како и според РП на ГУП – от на град Прилеп за блок 7.4, е домување односно домување во станбени куќи и домување во станбени згради, но исто така предвидени се и други класи на намена на дел од земјиштето и тоа: јавни институции – верски институции, зеленило и инфраструктура.

Предвидените намени на земјиштето се во функција на обезбедување на поголема флексибилност на просторот, што значи во рамките на планскиот опфат постои можност да се предвиде земјиште кое ќе биде флексибилно по својата намена (одредени парцели да може да бидат наменета за А1 или А2), но во согласност со основната намена “А“ Домување.

Исто така со планскиот опфат се предвидени и “Е” инфраструктура т.е. “Е1“ комунална инфраструктура, “Е2“ комунална супртаструра (трафостаница), како и “Д“ - зеленило и рекреација, односно спорт и рекреација - Д3.

Поединечно класите на намени се представени во табелата за билансни показатели во која е прикажана површината изразена во м2 на одредена класа,како и процентуалното учество на класата во рамките на планскиот опфат.

БИЛАНС НА ПОВРШИНИТЕ - ПЛАНСКО РЕШЕНИЕ

1.	ДОМУВАЊЕ - А		
	- домување во станбени куќи - А1	16 575.17м2	52.04%
	- домување во станбени згради - А2	3 959.11м2	12.43 %
	- времено сместување - А4	486.44м2	1.54 %
2.	ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ - В - Верски институции (црква) - В5	819.42м2	2.57%
3.	КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ - Б		
	- Мали комерцијални и деловни намени - Б1	201.16м2	0.63%
4.	ИНФРАСТРУКТУРА Е -		
	- Комунална инфраструктура (сообраќајни ленти, пристапни улици, тротоари, јавен паркинг) - Е1	7 043.18м2	22.12%
	- Речно корито со заштитно зеленило - Е1	1 479.43м2	4.64%
	- Комунална супраструктра - Е2 (трафостаница)	54.38 м2	0.17%
5.	ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА - Д		
	- Спорт и рекреација - Д3	1 229.31м2	3.86%
	ВКУПНО ВО ГРАНИЦИ НА ОПФАТОТ -	31 847.60м2	100.00 %

-Регулациони и градежни линии

Регулационата линија е планска одредба во рафичкиот приказ со која се разграничува земјиштето од аспект на носители на право на градење.

Минималното растојание помеѓу две регулациони линии е различно во зависност од намената на зоната, додека две паралелни регулациони линии го дефинираат профилот на сообраќајницата.

Од сите страни на опфатот, регулационата линија го оформува профилот на сообраќајниците, односно се граничи со градежните парцели, поточно регулационата линија и границата на градежните парцели се поклопени.

Градежната линија во секоја од парцелите е поставена на различно растојание во однос на регулационата линија во зависност од големината на парцелата. Во одредени парцели каде постои можност за зголемување на површината за градење градежната линија е поместена кон регулационата линија или во длабина на парцелите согласно законските прописи.

-Површина за градење

Површината за градење е планска одредба со која во урбанистичките планови се утврдува делот од градежната парцела кој се предвидува за градење на градбите. Предвидените градби се ограничени со градежни линии од сите четири страни и помошна градежна линија. За секоја градежна парцела засебно се пресметувани максималните површини за градба односно (процентот на изграденост) како и проектираниот волумен односно (коефициентот на искористеност).

Со оглед на големината и формата на градежните парцели, кај одреден број од градежни парцели се обезбедува калканско спојување во низа на површините за градење од секоја градежна парцела, површините за градба се групираат, односно се предвидат објекти во низа, со што би останал поголем простор за манипулација (напред - назад) во секоја парцела, а со тоа би се добила поголема површина за градба во секоја градежна парцела.

Према видот на градба во рамките на планскиот опфат се предвидува различен тип на градење и тоа: периметрален тип на градење при што површините за градење се групираат и се допираат соседните површини за градење, додека слободниот простор е во предниот дел од секоја градежна парцела, како и дисперзивен тип на гардба каде површината за градење е распроредна централно во градежната парцелата, а слободниот простор е од сите страни на парцелата.

Предвидените растојанија помеѓу површините за градење а со тоа и повлекувањето на градежната линија е определено и е во согласност со член 40 став 1, 2, 3 и 4 од правилникот за

стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в. на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/2017 и 86/18год).

Напомена:

Во планскиот опфат постојат објекти до кои согласно законските регулативи не може да се обезбеди пристап од секундарна улична мрежа со пристап за возило, па поради тоа за овие објекти (површината за градење) се превземени податоците од постоен ДУП.

- височина на градење

Со утврдувањето на површините за градење се дефинирани и максималната висина и спратност на градбите. Максималната висина за градба се определува до кота на хоризонтален венец.

Максималната висина на градбите во овој плански опфат е различна и е во зависност од намената на објектите, така во делот каде намената домување во колективни станбени згради максималната висина до кота на венец е различна и се движи од 10.2, 16.1, 19.0, како и 22.0м.

Во градежните парцели каде е предвидено домување во станбени куќи максималната висина е променлива но не повеќе од 10.20м.

Во планскиот опфат има градежни парцели во кои се задржува висината на постојните објекти. Котата на нултата плоча е различна и се движи од 0.00 до 1.20м, мерено од котата на тротоарот на улицата.

Предвидените површини за градење во рамките на градежните парцели и височината на градба за секоја парцела подетално може да се видат во следната табела.

Напомена:

Во планскиот опфат постојат објекти до кои согласно законските регулативи не може да се обезбеди пристап од секундарна улична мрежа, па поради тоа за овие објекти (височините за градење) се превземени податоците од постоен ДУП.

Број на Г.П.	Класа на намена	Компактна класа на намена	површина на град. Пар. (м2)	Површина за градење (м2)	Бруто површина (м2)	Максимална висина	Катност	Процент на изград.	Коефиц. на искорист	Паркинг места
"1 "	Д1	/	1229.31	/	/	/	/	/	/	Согласно правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - член 54-59(142/15,...86/18)
"2 "	А1	Б 1 - до 30%	457.49	/	/	/	П+2	/	/	
"3 "	А1	Б 1 - до 30%	302.03	/	/	/	П+1+ПК	/	/	
"4 "	А1	Б 1 - до 30%	226.6	/	/	/	П+1+ПК	/	/	
"5 "	А1	Б 1 - до 30%	168.56	/	/	/	П+1+ПК	/	/	
"6 "	А1	Б 1 - до 30%	297.45	137.21	411.63	9.9	П+2	46%	1.38	
"7 "	А1	Б 1 - до 30%	406.78	155.87	311.74	7	П+1	38%	0.77	
"8 "	А1	Б 1 - до 30%	245.88	150.05	450.15	8.5	П+1+ПК	61%	1.83	
"9 "	А1	Б 1 - до 30%	238.42	132.87	531.48	10.2	П+2+ПК	56%	2.23	
"10 "	А1	Б 1 - до 30%	325.15	81.42	244.26	9.9	П+2	25%	0.75	
"11 "	А4	Б1(30%),Б3(30%)мах. 30%	486.44	260.32	1041.28	10.2	П+2+ПК	54%	2.14	
"12 "	А1	Б 1 - до 30%	208.19	85.32	314.28	10.2	П+2+ПК	41%	1.51	
"13 "	А1	Б 1 - до 30%	263.49	98.61	394.44	10.2	П+2+ПК	37%	1.50	
"14 "	А1	Б 1 - до 30%	167.18	64.89	194.67	9.9	П+2	39%	1.16	
"15 "	А1	Б 1 - до 30%	150.05	93.99	281.97	9.9	П+2	63%	1.88	
"16 "	А1	Б 1 - до 30%	174.1	72.59	217.77	9.9	П+2	42%	1.25	
"17 "	А1	Б 1 - до 30%	432.27	190.02	760.08	10.2	П+2+ПК	44%	1.76	
"18 "	А1	Б 1 - до 30%	187.06	103.44	413.76	10.2	П+2+ПК	55%	2.21	
"19 "	А1	Б 1 - до 30%	224.64	92.3	276.9	9.9	П+2	41%	1.23	
"20 "	А1	Б 1 - до 30%	171.08	54.3	162.9	9.9	П+2	32%	0.95	
"21 "	А1	Б 1 - до 30%	361.07	102.29	409.16	10.2	П+2+ПК	28%	1.13	
"22 "	А1	Б 1 - до 30%	910.04	326.47	1305.88	10.2	П+2+ПК	36%	1.43	
"26 "	А1	Б 1 - до 30%	153.36	64.75	259	10.2	П+2+ПК	42%	1.69	
"27 "	А1	Б 1 - до 30%	231.63	98.25	393	10.2	П+2+ПК	42%	1.70	
"28 "	А1	Б 1 - до 30%	130.43	/	/	/	П+1	/	/	
"29 "	А1	Б 1 - до 30%	166.72	90.56	181.12	7	П+1	54%	1.09	
"30 "	А1	Б 1 - до 30%	142.87	34.62	69.24	7	П+1	24%	0.48	
"31 "	А1	Б 1 - до 30%	165.48	68.33	136.66	7	П+1	41%	0.83	
"32 "	А1	Б 1 - до 30%	251.25	98.95	296.85	9.9	П+2	39%	1.18	
"33 "	А1	Б 1 - до 30%	241.91	115.39	346.17	9.9	П+2	48%	1.43	
"34 "	А1	Б 1 - до 30%	509.01	206.6	619.8	8.5	С+2	41%	1.22	
"35 "	А1	Б 1 - до 30%	355.72	87.39	174.78	7	П+1	25%	0.49	
"36 "	А1	Б 1 - до 30%	240.91	73.84	147.68	7	П+1	31%	0.61	
"37 "	А1	Б 1 - до 30%	255.28	103.03	206.06	7	П+1	40%	0.81	
"38 "	А1	Б 1 - до 30%	242.51	91.08	273.24	9.9	П+2	38%	1.13	
"38а "	А1	Б 1 - до 30%	119.41	53.69	214.76	10.2	П+2+ПК	45%	1.80	
"39 "	А1	Б 1 - до 30%	243.02	159.83	639.32	10.2	П+2+ПК	66%	2.63	
"40 "	А1	Б 1 - до 30%	481.6	193.61	774.44	10.2	П+2+ПК	40%	1.61	
"41 "	А1	Б 1 - до 30%	107.79	65.45	130.9	7	П+1	61%	1.21	
"42 "	А1	Б 1 - до 30%	114.5	53.97	107.94	7	П+1	47%	0.94	
"43 "	А1	Б 1 - до 30%	205.47	143.7	574.8	10.2	П+2+ПК	70%	2.80	
"44 "	А1	Б1 - до 30%	198.7	140	560	10.2	П+2+ПК	70%	2.82	
"45 "	А1	Б 1 - до 30%	409.36	211.64	846.56	10.2	П+2+ПК	52%	2.07	
"46 "	А2	Б 1 (20%) Б2(30%) мах.40%	912.18	442.72	2656.32	16	П+4+ПК	49%	2.91	
"47 "	А1	Б 1 - до 30%	476.95	127.44	382.32	9.9	П+2	27%	0.80	
"48 "	А1	Б 1 - до 30%	406.54	234.03	468.06	7	П+1	58%	1.15	
"49 "	А1	Б 1 - до 30%	846.44	297.71	893.13	8.5	П+1+ПК	35%	1.06	
"50 "	В5	Б1 - до 10%	819.42	235.42	470.84	10.2	П+1	29%	0.57	
"51 "	Б1	/	201.16	156.56	469.68	10.2	П+2	78%	2.33	
"52 "	А2	Б 1 (20%) Б2(30%) мах.40%	1897.17	1289.15	11235.2	26.4	П+7+Пк	68%	5.44	
"53 "	А2	Б 1 (20%) Б2(30%) мах.40%	1149.76	587.03	4109.21	19	П+5+ПК	51%	3.57	
"54 "	Е2	Б 1 - до 30%	54.38	12	12	3.5	П	22%	0.22	
"55 "	А1	Б1 - до 30%	436.64	147	588	10.2	П+2+ПК	34%	1.35	
"56 "	А1	Б 1 - до 30%	77.12	50.68	202.72	10.2	П+2+ПК	66%	2.63	
"57 "	А1	Б 1 - до 30%	825.8	346.52	1386.08	10.2	П+2+ПК	42%	1.68	
"58 "	А1	Б 1 - до 30%	308.5	198.54	794.16	10.2	П+2+ПК	64%	2.57	
"59 "	А1	Б 1 - до 30%	192.76	103.2	412.8	10.2	П+2+ПК	54%	2.14	
"60 "	А1	Б 1 - до 30%	177.48	71.32	285.28	10.2	П+2+ПК	40%	1.61	
"61 "	А1	Б 1 - до 30%	136.77	/	/	/	П+1+ПК	/	/	
"62 "	А1	Б 1 - до 30%	164.93	/	/	/	С+2+ПК	/	/	
"63 "	А1	Б1 - до 30%	234.41	170.49	511.2	8.5	П+1+ПК	73%	2.18	
"64 "	А1	Б 1 - до 30%	334.98	185.34	741.36	10.2	П+2+ПК	55%	2.21	
"65 "	А1	Б 1 - до 30%	433.5	202.63	810.52	10.2	П+2+ПК	47%	1.87	
"66 "	А1	Б 1 - до 30%	174.3	85.78	343.12	10.2	П+2+ПК	49%	1.97	
"67 "	А1	Б 1 - до 30%	205.83	127.28	509.12	10.2	П+2+ПК	62%	2.47	
"68 "	А1	Б 1 - до 30%	257.76	119.61	478.44	10.2	П+2+ПК	46%	1.86	
		Вкупно:	23324.99	9830.93	39334.52			41%	1.67	

Напомена:
На Г.П. 7.4.1.7 и на Г.П. 7.4.1.48 постојат објекти под заштита: НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО За Г.П: бр. 7.4.1.2, 7.4.1.3, 7.4.1.4, 7.4.1.5,7.4.28, 7.4.1.61 и 7.4.1.62 , не се планира развој,

Организацијата на градежните парцели најдобро може да се види од графичкиот прилог 2 - План на површини за градење.

6. НАСЕЛЕНИЕ И ДОМУВАЊЕ

Во планскиот опфат има предвидено 68 градежни парцели (во текот на работењето на ДУП четири градежни парцели се споени во една и тоа ГП 22, ГП 23, ГП 24 и ГП 25 се споени во ГП 22).
Една парцела е предвидена за спорт и рекреација со површина од 1229,31 м2, една градежна парцела со површина од 819,42 м2 е предвидена за верски објект со површина од 235.42м2.
Една градежна парцела со површина од 54,38м2 е предвидена за супраструктура – трафостаница со површина од 12м2.
На 3 (три) градежни парцели со површина од 3959,93 м2, има предвидено домување во станбени згради со површина за градба од 2318.90 м2.
На една градежна парцела со површина од 486.44м2 има предвидено А4 времено сместување со површина за градба од 260.32м2.
За 4 градежни парцели со намена А1 се задржуваат условите за развој согласно постојниот ДУП, согасно законските прописи за пристап само преку секундарна улична мрежа.
За 2 градежни парцели не се предвидува развој – се задржуваат без промени, со оглед дека ги имаат постигнато максималните параметри, по однос на процентот на изграденост или висината на објектите.
За 55 (педесет и пет) градежни парцели кои се предвидени за домување во станбени куќи има предвидено површина за градба од 6728.80 м2.
Бруто развиена површина за домување во станбени куќи изнесува 22 299,46 м2, а бруто развиена површина предвидена за станбени згради изнесува 16 374,38 м2.
Согласно член 23 став 4 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање за еден жител потребни се 25м2 па така во предвидените станбени куќи или станбени згради би живееле мах 1430 жиели, а ако се земе просечниот број на членови во едно семејство дека е 3.8 согласно ГУП-от, тогаш бројот на домаќинства (семејства) мах би изнесувал 376.
1430 / 3.18ха = 449жит/ха.
Нето густина на населеност во рамките на опфатот изнесува 1430/2.3ха = 621 жит/ха, додека бруто густина на населеност изнесува 1430/3,18ха = 449 жит/ха.

7.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќајната инфраструктура е значаен фактор во еден планиран простор и има витално значење во остварувањето на животните функции на истиот. Една од најважните основи на модерното урбанистичко планирање е концепцијата на уличната мрежа да биде прегледна и јасна и да овозможи безбедно и непрекинато одвивање на сообраќајот и сите учесници рамноправно ги третира. Во конкретниов случај согласно изводот од РП на ГУП задржана е примарната сообраќајна мрежа додека дел од секундарната сообраќајна мрежа е задржана а дел е ново предвидена и е приклучена кон примарната улична мрежа.

Примарна мрежа:

По однос на примарната мрежа во рамките на опфатот се задржани постојната улица согласно ГУП - от на град Прилеп и тоа од југо исток собирната улица С 17 - “Моша Пијаде (Александар Македонски)“. Оваа улица согласно податоците од Изводот од РП на ГУП има краен профил од 13.75, односно два тротоари од по 2.0м, а коловоз од 9.75м, поделен во по две сообраќајни ленти.

Опфатот од оваа страна е во должина од 98.60м.

Секундарна мрежа:

Како секундарна сообраќајна мрежа се предвидени следните улици и тоа:

Од северо исток сервисна улица Ср8 - "Борка Талески", а од северо запад сервисна улица Ср 10 - "Кеј 9-ти Септември". Профилот на сервисната улица Ср8 е 11м (2.0х2 + 2х3,5), а на улицата со профил – Ср 10 е 9 м (1.5+6+1.5). Овие две улици се носители на сообраќајот во рамките на планскиот опфат.

Опфатот по ул. "Кеј 9-ти Септември" (од страната на речното корито) е со должина од околу 169,91м, а од северо источна страна по ул. "Борка Талески" е со должина од 175.79м.

Покрај овие улици следат и:

- Крак од Сервисна улица "Ордан Чопела" "Ср-б" која се протега на југозападната страна од опфатот со профил од 2х3м сообраќајници и 2х1.5 м тротоари, односно краен профил од 9.0м.
- Крак од Станбена улица "Ристе Ристески Ричко" ("Ст-1") која се протега на западната страна од опфатот со профил од 2х3м сообраќајници и 2х1.5 м тротоари, односно краен профил од 9.0м.
- Крак од Станбена улица од западната страна "Ристе Ристески Ричко" ("Ст-2") која се задржува во целост и профилот на истата изнесува 8.5м односно 2х1.5м тротоари и 5.5м сообраќајни ленти.
- Крак од станбена улица "Ордан Чопела" ("Ст-3") кој се надоврзува од југо запад кон североисток и го обиколува просторот предвиден за спорт и рекреација, за на крај да заврши со проширување односно окретница. Профилот на улицата изнесува 8.5м односно 2х1.5м тротоари и 5.5м сообраќајни ленти.

- Пристапните улици кои се предвидени во рамките на планскиот опфат се со различна ширина односно пристапната улица Пр1 е со профил од 6.0м, Пр2 е со променлив профил од 5.7-5.9, а на места истата има проширување со ширина од 8.5м. Пристапната улица Пр3 е со ширина на коловозот од 5.5, но кај неа има предвидено и паралалелно паркирање на лесни возила, па вкупната ширина е 8.0м. Пристапната улица Пр3, е новопланирана во рамките на планскиот опфат, додека останатите пристапни улици (Пр1 и Пр2) се постојни и превземени од предходниот детален план.
- Пристапната улица "Пр1" се надоврзува кон сервисната улица "Ордан Чопела" која пак се спојува со улицата "Моша Пијаде". Од спротивната страна пак, на Пр1, се надоврзуваат Пр2 и Пр3, со што се обезбедува пристап до секоја парцела.

Во рамките на планскиот опфат уште егзистираат и интегрирани сообраќајни површини и тоа: Ис1 со должина од 61,55м, Ис2 со должина од 47.66 и Ис3 со должина од 19.37м.

Исто така во опфатот постои и Пешачка улица "Пе" која се надоврзува после станбената улица Ордан Чопела, а се спојува со тротоарот од примарната улица "Моша Пијаде" ("Александар Македонски"), во должина од 25.92м.

Станбените улици заедно со пристапните улици, интегрираните сообраќајни површини и пешачките улици, заедно ја формираат секундарната улична мрежа која пружа можност за директен пристап во градежните парцели.

Тротоарите на сите улици треба да бидат препознатливи според начинот на изведба на завршната обработка односно да се различни од сообраќајните ленти а најчесто се изведени од павер елементи.

Радиусите на хоризонталните кривини на улиците како и големината на радиусите на хоризонтални кривини на раскрсниците е дефиниран согласно член 69 и член 72 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в. на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/2017 и 86/18год).

Напомена:

Предложеното сообраќајно решение практично е изнудено од постојната сообраќајна мрежа, категоризацијата на улиците согласно постојниот ГУП, како и поради густо изграденият дел од овој дел од градот, со оглед дека ова е еден од постарите делови на град Прилеп.

Ул. "Ордан Чопела" поради радиусот на хоризонатла кривина (член 69 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл.в. на РМ бр. Сл. в. на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/2017 и 86/18год) не може да се третира по цела должина како сервисна или станбена, затоа што во спротивно треба да се порушат поголем дел од постојните објекти на јужната страна.

Попрег[illegible]адени во следната табе[illegible]

ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ ЗА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА:

ПРИМАРНА УЛИЧНА МРЕЖА

р.бр	тип на улица	име на улица	должина - м1	тротоар - м2	сообр. л. - м2	вкупно: - м2
1	С17	Собирна улица Моша Пијаде	98.60	178.18	543.86	722.04
	Вкупно примарна мрежа		98.60	178.18	543.86	722.04

СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА

р.бр	тип на улица	тип на улица	должина - м1	тротоар - м2	сообр. л. - м2	вкупно: - м2
1	Ср 8	Сервисна улица Борка Талески	175.79	312.58	689.42	1002.00
2	Ср10	Сервисна улица Кеј 9 ти септември	169.91	458.89	1065.65	1524.54
3	Ср 6	Сервисна улица крак од ул. Ордан Чопела	51.50	66.90	183.11	250.01
4	Ст 1	Станбена улица крак од ул. Ристо. Р. Ричко	81.93	114.97	210.05	323.02
5	Ст 2	Станбена улица крак од ул. Ристо. Р. Ричко	94.85	208.46	653.25	861.71
6	Ст 3	Станбена улица крак од ул. Ордан Чопела	30.97	46.38	109.11	155.49
7	Пр 1	Пристапна улица Пр1 крак - Ордан Чопела	56.53		433.72	433.72
8	Пр 2	Пристапна улица Пр2 крак - Кеј 9 ти септември	90.43		604.58	604.58
9	Пр 3	Пристапна улица Пр3 крак - Кеј 9 ти септември	34.39		341.08	341.08
10	Ис 1	Интегрирана сооб. повр. Ис1	61.55		234.60	234.60
11	Ис 2	Интегрирана сооб. повр. Ис2	47.66		268.51	268.51
12	Ис 3	Интегрирана сооб. повр. Ис3	19.37		93.76	93.76
13	Пе 1	Пешачка улица Пе 1	25.92		226.12	226.12
14						
	Вкупно секундарна мрежа		940.80	1208.18	5112.96	6321.14
	Се вкупно во опфат:		1039.40	1386.36	5656.82	7125.96

Во рамките на опфатот има 7 043,18м^2 под сообраќајници, од кои 772.04м^2 се од приматрната мрежа (ул."Моша Пијаде), додека 6 271,14 м^2 се од секундарната сообраќајна мрежа.

Поединечно под секундарна мрежа се предвидени ул. “Борка Талески“ со површина од 1002м^2, ул. “Кеј 9 ти Септемви“ со 1524.54м^2, како и кракот од Сервисната ул. “ордан Чопела“ со површина од 250,01м^2,Станбена улица – Ст1 - “Ристе Ристески Рико“ со површина од 323.02м^2, кракот од Станбената улицата –Ст-2 - “Ристе Ристески Ричко“ кој изнесува 861.71м^2, кракот од станбената улица – Ст-3 - “Ордан Чопела“ кој изнесува 155.49м^2, потоа пристапните улици “Пр1“, “Пр2“, и “Пр3“, чија вкупна површина изнесува 950.38м^2, како и Интегрираните сообраќајни површини Ис1, Ис2 и Ис3 со 588.39м^2. Покрај станбените улици, пристапните улици и интегрираните сообраќајни површини, во рамките на опфатот е предвидена и пешачка улица Пе1 со вкупна површина од 181.97 м^2.

Во границите на опфатот има 1386.36 м^2 тротоари и тоа 178,18 м^2 од примарната мрежа и 1208,18 м^2 од секундарната сообраќајна мрежа.

Вкупно сообраќајни ленти од примарната мрежа има 98.60 м^1 додека од секундарната сообраќајна мрежа должината на сообраќајните ленти изнесува 940.80 м^1 или вкупно во опфат должината на сообраќајните ленти изнесува 1039.40м^1.

- Нивелациски план

При изработката на нивелациониот план користени се податоци од постојната сообраќајна мрежа, податоци од РП на ГУП - от на град Прилеп, на која треба да се надоврзат останатите сообраќајници како и претходно утврдените висински коти на теренот. Исто така и нивелетата на вкрсните точки на осовините на улиците како и падовите на улиците се дефинирани да може да се вклопат на постојната сообраќајна мрежа.

Падот на теренот е со благ пад кон југозапад и запад од околу 1%. Точните нивелети на улиците ќе бидат утврдени со изработка на основни проекти за уличната мрежа.

- Паркирање

Паркинг просторот представува правоаголна површина за стационирање на возилото во мирување со димензии и простор за пристап, маневрирање и пристапна сообраќајница или рампа кои соодветствуваат со димензиите на возилото. Утврдувањето на бројот на паркирните места е во директна колерација со утврдувањето на површината за градење и висината на објектите.

Бидејќи станува збор за намена на парцелите за домување во станбени куќи и домување во станбени згради паркирањето е организирано во рамките на парцелите - во дворните места.

Точниот број на потребните паркирни места за секоја г.п. треба да се одреди согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в. на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/2017 и 86/18год).

- Инфраструктура

Со планското решение за комуналната инфраструктура воглавно се задржуваат постојните водови, а секако во одредени потези се планираат и нови со што треба да се задоволат потребите и да се постигне оптимално решение за предметниот простор.

Во графичкиот прилог се дадени само основните правци и решенија за комуналната инфраструктура, а подетална изработка следи со разработка на основни проекти пред реализација на истите.

- водовод

Согласно добиените податоци од Јавното комунално предпријатие “Водовод и канализација” Прилеп, во рамките на планскиот опфат и неговата непосредна околина поминува водоводна инсталација.

Постојната водоводна инсталација која поминува по улиците “Кеј 9 ти Септември“, “Борка Талески“ и улицата “Моша Пијаде“ се задржува во целост, а истата е со различни профили и тоа од Ф50 Ф80, Ф150 и Ф200 мм.

Со планската документација се врши продолжување на водоводната линија со ф80мм по кракот на улицата "Кеј 9 ти септември". Постојните и новопредвидените приклучни ограноци до секој станбен објект треба да се поврзат со основната мрежа со Ф3/4" и Ф5/4".

Водоснабдителна норма се предвидува од Qo =250 л/ден/жител.

Потребната количина на питка вода и санитарна вода за овој плански опфат се обезбедува преку постојната водоводна мрежа.

Покрај снабдувањето со вода согласно законските прописи во планскиот опфат треба да се предвидат и подземни или надземни пожарни хидранти распоредени по тротоарите од уличната мрежа. Со планската документација покрај 2 постојни хидранти се предвидени уште 5 (пет) пожарни хидранти со дијаметар од 80 или 100мм, поставени на растојание од 80 - 150м, со што ќе се обезбеди да секој објект може да се гаси со најмалку два надворешни хидранти.

Хидрантите треба да се поставени и заштитени така што треба да се спречи нивно замрзнување или оштетување.

-хидросистем

Со оглед дека овој опофат се наоѓа во постариот дел од градежниот реон на Прилеп, во рамките на опфатот нема инфраструктура од хидросистем.

- фекална канализација

Во рамките на опфатот има постојна фекална канализациона мрежа по сите обиколни улици која е со Ф 200 АЦФ а со планот е предвиден крак по пристапната улица Пр2 со Ф 200 mm со што во целост ќе бидат задоволени потребите односно сета фекална канализација ќе биде прифатена. Фекалните води продолжуваат по постоечката траса и се внесуваат во пречистителната станица која е ставена во функција од 2015 год, со што водите добиваат соодветен третман пред испуштање во реципиент.

- атмосверска канализација

Во рамките на опфатот се задржува во целост атмосверската канализација а во одредени делови истата е предвидено да се разграни за да се овозможи целосно прифаќање на атмосверските води. На кракот од станбената улица "Ордан Чопела" во делот каде улицата преминува во пешачка улица, предвиден е продолжеток - нов крак на атмосверска канализација, како и на пристапната улица "Пр2" е предвиден нов крак на атмосверска канализација за приклучок до крајните корисници. Атмосверските води преку колекторски траси се дистрибуираат до градската река, која го ограничува опфатот од северо западната страна.

- електрика

На западната страна од опфатот, постои монтажно бетонска TS 10(20)/04 kV која ги задоволува потребите за електрична енергија на постоечките потрошувачи. До крајните корисници е изведена ниско напонска воздушна мрежа.

Со планската документација, се предвидува зголемување на бројот на потрошувачи со уште 156 нови станови и 39 деловни објекти претежно за трговија, угостителство, канцеларии.

Потребната електрична енергија за новите потрошувачи, каде што покрај другата потрошувачка предвидено е загревање и ладење на електрична енергија, е дефинирана според следната релација:

$$Pe = f_{iS} \cdot f_{pS} \cdot P_{iS} \cdot n_S + f_{iDO} \cdot f_{pDO} \cdot P_{iDO} \cdot n_{DO} + f_{iZP} \cdot f_{pZP} \cdot P_{iZP} + P_{UL}$$

Вкупна едновремена електрична снага Pe

Инсталирана снага по стан е P_{iS} = 18 kW

Коефициент на истовременост на становите е f_{iS} = 0,5

Коефициент на побарувачка по стан е f_{pS} = 0.7

Број на станови n_S = 156

Инсталирана снага по деловен простор е P_{iDO} = 8 kW

Коефициент на истовременост на деловните простори е f_{iDO} = 0,8

Коефициент на побарувачка по деловен простор е f_{pDO} = 0.6

Број на деловни простори n_{DO} = 39

Инсталирана снага на заедничка потрошувачка е P_{iZP} = 4 kW

Коефициент на истовременост на заедничка потрошувачка е f_{iZP} = 1

Коефициент на побарувачка заедничка потрошувачка е f_{pZP} = 0.75

Едновремена снага на улична потрошувачка P_{UL} = 10·0.250=2,5 kW

Според тоа вкупната едновремена електрична снага ќе биде:

Pe=0.5 x 0.7 x 18 x156 + 0.8 x 0.6 x 0.8 x 39 + 1 x 0.75 x 4 + 2.5 = 1003.27 kW

За уличното осветлување и осветлувањето на паркингот ќе се употребат 10 натриумови светилки со снага од 250 W поставени на столбови со висина 8-10м на меѓусебно растојание од 30-40м.

Потребната средна осветленост е Esr = 20-30 lx

Од оваа пресметка произлегува потреба од една нова трафостаница 10(20)/0,4kV со снага од 2x630 kVA со која ќе бидат задоволени потребите на новите потрошувачи. Ваква ТС е предвидена во самиот агол на делот од парковското зеленило, како посебна ГП нумерирана како ГП 7.4.1.54.

Врската со новата TS, ќе се обезбеди преку постојниот 10kV кабел, кој поминува по ул. "Моша Пијаде". Со оглед дека се работи за станбена зона, целокупната електрична мрежа траба да биде кабловска. Каблите треба да се од типот HNR 48/A 1h150mm^2 за напон од 10(20)kV i RR 41/A 4x150mm^2 за напон од 0.4 kV за полагање во земја. Ровот за полагање треба да е со длабина од мин. 80см, а по полагање на каблите да се постави предупредувачка трака.

При полагање на каблите треба да се води сметка за нивните меѓусебни растојанија како и за вкрстосување со други инсталации (телефонска или водоводна инсталација), со почитување законсата регулатива.

Водовите воглавно да се носат по должина на тротоари и покрај предвидено зеленило. Во состав на НН кабловска мрежа спаѓаат и разводни ормари кои се од типот на слободно стоечки, поставени без бетонски фундамент.

При изработката на техничката документација за внатрешна ел. инсталација, треба да се применат соодветни мерки за заштита што ги пратат инсталациите за осветлување, термичките потрошувачи и приклучниците.

Исто така со планската документација се предвидени заштитни појаси за постојните 10(20) кV кабелски водови, со ширина од по еден (1) метар од оската на изводот согласно член 138 (заштитен појас) став 2 точка 6 и истите се прикажани во графичкиот прилог (инфраструктурен план). Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата иинвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација и сето ова да се наведе во текстуалниот дел од планот. Под услов кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

- електрокомуникациска инфраструктура и опрема

Телекомуникациската инфраструктура е значаен фактор за развојот на општествениот стандард со можност за брзо ширење на информации. Во рамките на опфатот и околу него има оптимални услови за нови приклучоци со оглед дека по уличната мрежа има постојни подземни телефонски инсталации на кои можат да се поврзат нови приклучоци.

Секое подетално планирање како и приклучување на нови приклучоци треба да се врши во согласност со екипите од операторот кој ќе ги обезбедува тие услуги.

Подрачјето на општина Прилеп е целосно пркриено со мрежа на повеќе оператори така што и овој плански опфат кој се наоѓа во централното градско подрачје представува подрачје со 100% покриеност на мобилните оператори.

- отстранување на цврстиот отпад

Отпадот организирано се собира и евакуира најмалку еднаш неделно од страна на ЈКП Комуналец Прилеп. Одлагањето ќе се врши во постојната депонија во Алинци.

- зеленило, спорт и релреација

Во рамките на опфатот има постојно парковско зеленило кое согласно класата на намени по ГУП - от е предвидено како Д1 парковско зеленило. Исто така во со планската документација има предвидено парковско зеленило помеѓу улицата "Кеј 9 ти септември" и простапната улица Пр3.

Зеленилото во рамките на опфатот е застапено со 3.86%, а поголемиот % ќе се постигне со зголемување на % учество на зелените површини во рамките на секоја ГП наментета за домување, со што би се обезбедил минималниот % на застапеност на зеленилото по ГУП (РП на ГУП) кој е мин 5% во рамките на опфатот.

- културно наследство

Заштитата на културното и историското наследство е важен сегмент во вкупниот развој на опшеството. Потребно е максимално запазување на интегритетот на спомениците на културата од градежен, културен, историски и функционален аспект и истите треба активно да бидат вклопени во културниот живот и туристичко - рекреативната понуда на општината, со нивно ефикасно поврзување.

Ревитализација ќе значи нивно перманентно долгорочно наменско користење, како предуслов за нивно зачувување за подолг временски период.

Согласно добиениоит допис од Министерствоти за култура – Управа за заштита на културното наследство заведено под бр. 17-2330/2 од 24.07.2020 дод, се потврдува дека во рамките на опфатот се наоѓаат две добра - и тоа куќа на ул. "Борка Талески" бр.78 на к.п. 17928 и куќа на ул. "Кеј 9 ти Септември" бр. 30 на к.п. бр. 17984 и к.п. 17895, по што се упатуа изработувачот на планот да се обрати во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп, да утврди дали има потреба од изработка на заштитно конзерваторки основи за предметниот плански опфат.

Согласно добиените податоци од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп, заведени под бр. 10-231/2 од 31.07.2020 год, се потврдува дека во границата на опфатот се наоѓа евидентирано културно наследство.

Исто така се потврдува дека НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп во изминатиот период има изработено Заштитно конзерваторски основи за ДУП за УЕ 13, УБ 13.03, плански опфат 1 по ГУП, заведени под бр. 08.39/5 од 27.01.2014 год.

Понатаму во истиот допис се потврдува дека со разработката на ГУП од 2019 год и изработка на РП за четврт 7.4, овој ист опфат е означен како блок за детално планирање 7.4.1, со што се потврдува дека не е потребно изработување на нови Заштитно конзерваторски основи, а изработувачот на ДУП е должен да ги вгради ЗКО заведени под бр. 08.39/5 од 27.01.2014.

Објектот на ул. "Борка Талески" со својата поставеност делумно излегува на дел од тротоарот на улицата, така што на тој дел регулационата линија ја следи формата на објектот.

Самите Заштитно конзерваторски основи ќе представуваат составен дел на планот.

Со планската документација овие два објекти се задржуваат во целост, истите се означени со знак за објекти под заштита, за кои важат посебни услови за заштита во корелација со Завод и музеј Прилеп. Исто така и за објектите во границата на контактната зона се почитувани препораките по однос на површините за градба, како и висините на истите.

8. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот за графичка обработка на урбанистичките планови, економското образложение ги опфаќа начинот, обемот и динамика на финансирање на реализација на планските решенија, исплатливоста на инвестициите во земјиштето за јавна употреба и нивниот сооднос со инвестициите во земјиштето парцелирано за изградба.

Начинот на финансирање во рамките на опфатот ќе биде поделен, дел на товар на заинтересираните физички лица, односно сопственици на катастарските парцели, дел на општина Прилеп, која треба да донесе и усвои програма за финансирање и реализација на комуналната и сообраќајна инфраструктура.

Динамиката на финансирање, е во зависност од финансиските можности на заинтересираните странки.

При анализите за дефинирање на економското образожение во рамките на планскиот опфат треба да се направи анализа на трошоци за реализација на сообраќајната и комуналната инфраструктура, а од друга страна да се согледаат средствата кои ќе се обезбедат при реализаија на површините за градба.

Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од реалната состојба на уреденост на теренот, во поглед на постојна инфраструктура, планските определби на ДУП от, споредени со планските решенија кои ги нуди предметниот план.

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

Во Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/2016, 64/18 и 168/18 год), во член 4, став 1 се вели дека со Урбанистичкото планирање се одредуваат основните начела во процесот на планирањето и уредувањето на просторот, а во став 2 на истиот член дадени се начелата меѓу кои е и начелото за заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, заштитата на недвижното културно наследство, заштитата од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии.

Согласно Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 И 99/18), се уредени правата и должностите на Република Македонија, на општината, како и правата и должностите на правните и на физичките лица, во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот; на областите на животната средина, на биолошката разновидност и други природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку преземање мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетните влијанија утврдени со законот за заштита на животната средина и посебните закони од:

- вршењето различни дејности;
- загадувачките супстанции и технологии;
- отпадот;
- бучавата и вибрациите;
- јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење.

За реализација на системот за заштита и унапредување на природата и животната средина потребно е да се почитува следното:

- Течните и гасовитите отпадоци да се сведат на минимум во затворени и полузатворени технолошки постапки.
- Вградените градежни материјали во објектите да содржат атести од овластена домашна инситуција за јонизирачко зрачење.
- Цврстиот отпад треба да се селектира со можност за негова рециклажа, како мерка за неговите количини, суровински и енергетски заштеди, додека депонирањето да се врши во санитарна депонија.
- Потребно е да се обезбедува предтретман на отпадните води пред испуштање во реципиент, кои е потребно да бидат по квалитет еднакви на квалитетот на водата од реципиентот.
- Изградба на современа инфраструктура, со пречистувачи и септички јами за фекални води.
- Озеленување на површините околу објектите со високо и ниско зеленило, со што битно ќе се подобри микроклимата на просторот и спречување на ерозија и намалување на евентуелно загадување.
- Уредување на неуредените површини со комбинирано зеленило и соодветни содржини.
- Замена на азбест-цементните водоводни цевки со полиетиленски цевки.
- Секој Загадувач е должен да ги надомести трошоците за одстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги сноси трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата врз животната средина, како и да ја доведе животната средина во најголема можна мерка како пред оштетувањето.

Конкретно за овој плански опфат, од еколошки аспект, превземени се сите мерки да објектите, во редовна експлоатација не ги загадуваат земјиштето, водата и воздухот, со прифаќањето на сите отпадни води. Од објектите нема да се шират штетни јонизирачки зрачења, бучава и вибрации кои штетно ќе влијаат на околината.

Потребно е спроведување на јавна кампања за:

- чист воздух,
- примарна сепарација и рециклажа на комуналниот отпад,
- заштита на атмосферските отпадни води од загадување,
- хортикултурно уредување на слободните површини,
- обезбедување на заштитни појаси со високо зеленило, особено покрај сообраќајниците.

Сепак најважен приоритет и мерка е да проработи совеста на секој поединец и жител за сочувување и подобрување на животната средина, од која дирекно зависи неговото здравје и квалитет на живеење.

Правна легислатива која ја уредува областа за заштита на животната средина, релевантна за изработка на урбанистичкиот план е следната:

- Закон за заштита на животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 187/13 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 I 99/18)
- Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл. в. на Р.М. бр. 67/04.)
- Закон за управување со одпадот (Сл. в. на Р.М. бр. 68/04.)
- Закон за спречување на штетната бучава (Сл. в. на С.Р.М. бр. 21/84.)
- Закон за заштита и спасување (Сл.в.на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, и 83/18).
- Закон за води (Сл. в. на Р.М. бр. 87/08.)
- Уредба за класификација на водите (Сл. в. на Р.М. бр. 18/99.)

Како и други законски и подзаконски акти.

10. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за заштита и спасување, (Сл. в. на РМ бр: 36/2004, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, и 83/18), се уредува заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифеиотии, како и други несреќи во мир и во војна и од воени дејствија во Република Македонија.

Објектите во рамките на планскиот опфат се лоцирани во зона на 7 ми степен по Меркалиева скала на очекувани земјотреси.

По однос на мерките за заштита од природни непогоди, објектите треба да се градат со современи технологии на градба, согласно важечките технички прописи.

За дополнителни заштитни мерки, ќе биде предвидена современа громобранска инсталација.

Посебна заштитна мерка од силни ветрови е изборот на соодветна вегетација на зелените површини.

За спроведувањето на мерките за заштита и спасување, потребно е да се почитува постојната законска регулатива, односно Законот за заштита и спасување, (Сл. в. на РМ бр: 36/2004, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, и 83/18).

11. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Од аспект на меки за заштита од пожар може да се каже дека објектите што ќе се градат во рамките на планскиот опфат, се предвидува изградба од тврда градба, со огнотпорни материјали, односно носивите делови - конструктивниот систем (столбови, носачи, меѓукатна конструкција) кои ќе бидат изведена од армиран бетон со висок степен на отпорност (V и VI степен). Објектите се планираат на соодветно растојание, едни од други, а како допонителна заштитна мерка - зона, представува коридорот на сообраќајниците кој изнесува од 7-11м.

По однос на пожарното оптоварување објектите треба да имаат ниско пожарно оптоварување кое е помало од 1GJ/m2, исклучок се трафостаниците кои имаат средно пожарно оптоварување до 2GJ/m2. За соодветна заштита, во рамките на опфатот, предвидена е прстенаста противпожарна хидранска мрежа, со поставување на 5 (пет) нови надворешни надземни хидранти, и заедно со 2 постојни хидранти треба да ги задоволуваат потребите од противпожарна вода.

Во графичкиот прилог на планското решение за инфраструктура, прикажана е диспозицијата на објектите, хидрантската мрежа, како и пристапот на ПП возила.

Во Прилеп постои противпожарна единица, така што пристигнување на ПП возила може да се очекува за околу 5 - 7мин, со оглед дека противпожарниот центар е на растојание од околу 2.0км. Потребно е редовно да се врши преглед на исправноста на апаратите, сервисирање и полнење и контролно испитување на истите. Утврдувањето на потребните мерки за заштита од пожар е во согласност со:

- Законот за заштита и спасување (Сл.в.на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10,18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16).
- Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. в. на Р.М. бр. 32/2011 и 145/13).

- Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. в. на Р.М. бр. 26/2018год).
- Правилник за поблиско определување на изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за утврдување на критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати, кои се однесуваат на техничкцата опрема и просторот за работа (Сл. в. на Р.М. бр. 26/2018год).
- Правилник за начинот на одредување на местата на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивно одржување во исправна состојба, посебно обележување и достапноста за употреба (Сл. в. на Р.М. бр. 74/2006год).
- Законот за пожарникарство Сл. в. на Р.М. бр. 67/2004, 81/07 и 55/13 год.

12. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

13. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

14. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

Во понатамошната постапка на реализација на планските решенија кои произлегуваат од планската документација, при изработка на Основните проекти, а со оглед на конфигурацијата на теренот, потрбно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04,86/08,124/10,18/11и42/14).

15 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ВОЕНИ РАЗУРНУВАЊА, ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НЕПОГОДИ

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се предвидат и обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во центрите предвидени за таа намена.

Обврската за планирање и изградба на засолништа заради заштита на населението од воени разурнувања во станбените, деловните и стопанските објекти како и други видови на објекти е регулирана со повеќе законски и подзаконски акти.

Мерките за заштита на жителите и вработените ги опфаќаат сите облици на индивидуална заштита, урбанистичките мерки за заштита и намалување на степенот на повредливост на урбаната структура, планирањето на просторот за подобрување на условите за организирана заштита и спасување, како и расчистување на урнатините, заштита и евакуација на населението на помалку загрозено подрачје и др.

Најинтензивни и најсложени вонредни околности во кои може да се најде едно подрачје претставуваат воените дејствија, односно условите за водење на општонародна одбранбена војна.

Првенствена цел на евентуалниот агресор би била уништување на човековиот и материјален потенцијал како значаен фактор за вршење општонароден отпор. Просторот ќе биде изложен на средства за масовно уништување: нуклеарни, биолошки, бактериолошки, хемиски и други класични видови средства за напаѓање.

Согласно Просторниот План на Република Македонија и согласно Законската регулатива што ја обработува оваа област, планскиот простор за кои се наменети Условите за планирање, се наоѓа во регион со висок степен на загрозеност од воени дејства. Станува збор за простор кој во случај на војна би бил во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се во најгуста населеност. Оттука во случај на војна, во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во центрите предвидени за таа намена.

При изработката на планската документација, се вградени урбанистички мерки за заштита на просторот од воени разурнувања:

-Висината на станбените куќи до кота на венец е до 10.20м, на станбените згради не повисока од 22м, односно нема висококатници.

- Профилот на улиците има голема пропусна моќ и обезбедува брза евакуација.

- Процентот на изграденост на земјиштето е 41 % со што е обезбеден слободен простор за евакуациија и маневри во рамки на парцелите.

- Коефициентот на земјиште е 1,67 што укажува дека објектите не се премногу високи и при евентуални разрушувања истите не може да ги загрозат соседните објекти или сообрќајниците пред нив.

Технолошки непогоди се експлозии, контаминација на воздух и вода, сообраќајни незгоди од поширок размер, хемиски загадувања, како и други причини кои што можат да доведат до поголеми масовни несреќи, или губитоци на материјални добра.

За избегнување на технолошки катастрофи и намалување на нивните последици се превземаат мерки на заштита кои се состојат во:

-одржување на опрема и инсталации за сигурност при користење на опасни материјали во разни технолошки процеси.

-заштита на животната средина од емисија на опасни материи.

-вградување на заштитни мерки предвидени со елаборати за заштита како составен дел на проектите од одделни објекти.

-правилно димензионирање на сообраќајници со тротоари, заедно со хоризонтална и вертикална сигнализација.

-едукација на населението за заштита од евентуални техничко технолошки катастрофи.

Во Прилеп најзастапени се североисточниот и југо западниот ветар, кои треба да се земаат во предвид при статички пресметки и стабилности на објектите, како и при планирањето на отворите и архитектонската обработка на објектите.

Зависно од климатските и хидрометеоролошките услови кои владеат во општината, се смета дека елементарните непогоди не се честа појава.

16. ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО

Согласно добиените податоци од Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Прилеп и мислењето од Министерството за култура - Упрва за заштита на културното наследство, на конкретниот простор кој е предмет на разработка, евидентирано е недвижно археолошко културно наследство и тоа куќа на улица ˝Борка Талески˝ бр.78 на кп 17928 и куќа на улица ˝Кеј 9 ти Септември˝ бр.30 на кп бр. 17984 и кп 17895.

Аналогно на тоа изработени се Заштитно конзерваторски основи од страна на НУ Завод за заштита на спомениците и културата и музеј Прилеп за подрачјето на опфатот односно за тие објекти за кои е дефиниран соодветен режим и степен на заштита, како и за објектите од границата на контактната зона. Врз база на тоа добиено е **Решение** од Министерство за Култура - Управа за заштита на културно наследство, заведено под бр. Уп 17-37 од 26. 02. 2014 год, со кое се Одобруваат изработените Заштитно конзерваторски основи за планскиот опфат, а самите Заштитно конзерваторски основи ќе представуваат составен дел на планот.

Со планската документација овие два објекти се задржуваат во целост, истите се означени со знак за објекти под заштита, за кои важат посебни услови за заштита во корелација со Завод и музеј Прилеп. Исто така и за објектите во границата на контактната зона се почитувани препораките по однос на површините за градба, како и висините на истите.

Согласно член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. в. на Р.М. бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11 и 23/13) потребно е инвеститорите од конкретниот опфат, да ги почитуваат следните обврски и тоа:

1. Ако во тек на изведување на градежните или други работи се дојде до остатоци од археолошко наоѓалиште, или предмети од археолошко наоѓалиште потребно е:

- да се пријават откриените предмети согласно член 129 став 2 од Законот за заштита на културното наследство.
- да се запрат градежните активности и градилиштето да се обезбеди од оштетување или уништување на остатоците, како и од неовластен пристап.
- да ги зачува откриените наоди или предмети на местото и состојбата во која се најдени.

2. По исклучок, ако предметите се откопани заради нивна заштита, изведувачот е должен:

- да ги предаде откриените предмети при нивно пријавување или тоа да го направи при идентификација во смисла на член 66 од Законот за заштита на културното наследство, а до предавање да превземе мерки кои се нужни за да не пропаднат, да не се оштетат или да не се отуѓат.
- да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и околностите под кои тоа е направено. Случајно откритие се пријавува веднаш и се смета за извршено ако пријавата е доставена непосредно на надлежната јавна установа за заштита или до Министерството за внатрешни работи.

3. По исклучок на точка 1, случајно откритие се пријавува веднаш и се смета за извршено ако пријавата е доставена непосредно на надлежната јавна установа за заштита или до Министерството за внатрешни работи. Доколку пријавата е доставена до МВР, истото ја проследува до надлежната јавна установа.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

1.НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во планскиот опфат вкупната површина на градежните парцели изнесува 23 324,99 м^2, со предвидена класа на намени согласно РП (ГУП) – А1 и А2, семејно домување во станбени куќи и станбени згради.

Површините на поедини групи на содржини изнесуваат:
- “А1” домување во станбени куќи ..... 16575,17 - (52.04%)
-“А2” домување во станбени згради ..... 3 959,11 - (12.43%)
-“А4” времено сместување ..... 486,44 - (1.54%)
- “Б1“ мали комерцијални и деловни намени .....201,16 - (0.64%)
- "В" јавни институции "В5" верски објекти - црква ..... 819.42 - (2.58%)
- "Д1" зеленило (парковско) ..... 1 229,31 - (3.84%)
- "Е1" инфраструктура ..... 7125,96 - (22,37%)
- "Е1" речно корито со заштитно зеленило .....1 396.64 - (4.39%)
- "Е2" комунална супраструктура - Трафостаница.....54.37 - (0.17%)

---

31 847.60 - 100 %

Табеларно изразено во следната табела се изнесуваат нумеричките податоци во рамките на планскиот опфат:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА			
	ОПИС	ПОВРШИНА $м^2$	ПРОЦЕНТ %
1	површина на плански опфат	31 847.60	100.00 %
2	вкупна површина на граежни парцели во опфат	23 324.99	73.24 %
	2.1 површина на градежни парцели - А1	16 575.17	52.04%
	2.2 површина на градежни парцели - А2	3 959.11	12.43 %
	2.3 површина на градежни парцели - А4	486.44	1.54 %
	2.4 површина на градежни парцели - В5	819.42	2.57 %
	2.5 површина на градежни парцели - Б1	201.16	0.63 %
	2.6 површини на градежни парцели - Е2	54.38	0.17 %
	2.7 зеленило - Д1	1 229.31	3.86 %
3	јавни површини во плански опфат	7125.96	22.12%
	3.1 коловоз - асвалт	5656.82	17.76%
	3.2 тротоари - асвалт	1386.36	4.36 %
4	река	1396.64	4.64 %
5	површина под објекти	9 300.20	
6	развиена површина	41 512.23	
7	процент на изграденост	39.87%	
8	коефициент на искористеност	1.78	
9	вкупен број на градежни парцели	68	
10	број на градежни парцели - А1	60	
11	број на градежни парцели - А2	3	
12	број на градежни парцели - А4	1	
13	број на градежни парцели - В5	1	
14	број на градежни парцели - Б1	1	
15	број на градежни парцели - Е2	1	
16	број на градежни парцели - Д1	1	
17	нето густина на населеност	621 ж/ха	
18	бруто густина на населеност	449 ж/ха	

Површината за градење на градежните парцели на кои е дозволена изградба изнесува 9725.89м2, а вкупно изградената површина по катови се предвидува да биде 39 334.52м2.

Процентот на изграденост би изнесувал 9 725.89/23 486,93 = 41,40= 41%
Коефициентот на искористеност на земјиштето е 39 334,52/23 486.93 = 1,67
Катноста на станбените објектите е мах. до П+2+Пк, за станбените згради е мах. П+4+Пк до П+7+Пк, или максимална висина до кота на венец за станбените куќи изразено во $м^1$ е 10.20м, а за станбените згради е до 26.40м.

Во рамките на нумерираните 68 градежни парцели, предвидени се нови површини за градба, за доградба, или за доградба и надградба.

Во рамките на опфатот потребните паркирни места, за секоја парцела треба да се определат согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в. на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/2017 и 86/18год) кои треба да се обезбедат во објектите и дворно место на парцелите. Во исклучителни случаеви може да се обезбеди паркирање на јавен паркинг во катната гаража кој е во непосредна околна, од спротивната страна на опфатот.

Податоци за сообраќајната мрежа:

Примарна мрежа:

По однос на примарната мрежа во рамките на опфатот е задржана постојната соборна улица С17 - "Моша Пијаде".

Оваа улица има краен профил од 13.75, односно два тротоари од по 2.0м, а коловоз од 9.75м, поделен во по две сообраќајни ленти. Вкупна површина на примарната улица е 943,89м2,

ко која се внесени сообраќајните ленти и тротоарот во границите на опфатот. Должината на оваа улица која влегува во опфатот е 98,60м.

Секундарна мрежа:

Како секундарна сообраќајна мрежа се предвидени следните улици и тоа:

Од северо исток сервисна улица Ср8 - "Борка Талески", а од северо запад сервисна улица Ср 10 - "Кеј 9-ти Септември".

Профилот на сервисната улица Ср 8 е 11м (2.0х2 + 2х3,5), а на улицата со профил – Ср 10 е 9 м (1.5+6+1.5).

Опфатот по ул. "Кеј 9-ти Септември" (од страната на речното корито) е со должина од околу 169.91м, а од северо источна страна по ул. "Борка Талески" е со должина од 175.79м.

Покрај овие улици следат и:

Кракот од улица "Ристе Ристески Ричко" и кракот од улица "Ордан Чопела" како сервисни улици. Останатиот дел од улица "Ристе Ристески Ричко" и останатиот крак од улица "Ордан Чопела" како станбени улици.

Во рамките на опфатот се планирани уште и пристапните улици Пр1, Пр2 и Пр3. Вкупна површина под сообраќајници во секундарната сообраќајна мрежа изнесува: 7 043.18 м^2 – односно сообраќајни ленти со површина од 5656.62 м^2, а 1386.36м^2 – тротоари. Вкупна должина на секундарна улична мрежа е 940,80м.

Со планската документација, доколку се направи поредба во однос на документационата основа, се заклучува дека се доаѓа до поголем процент на изграденост, каде од 22.18%, се доаѓа до 40%, а исто така и поголем коефициент на искористеност на земјиштето каде од k=0.51 се доаѓа до k=1,56, при што се зголемува височината на градење, а со тоа се добива поголема густина на населеност, каде од бруто густина од 89 жит/ха, се оаѓа до бројка од 449 жит/ха.

2. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ИНФРАСТРУКТУРАТА

Површините на поедини групи на содржини изнесуваат:

-"А1" домување во станбени куќи ..... 16 575.20 - (52.04%)
-"А2" домување во станбени згради ..... 3 959,11 - (12.43%)
-"А4" времено сместување ..... 486,44 - (1.54%)
- "Б1" мали комерцијални и деловни намени ..... 201,16 – (0.64%)
- "В" јавни институции "В5" верски објекти - црква..... 819.42 - (2.58%)
- "Д1" зеленило (парковско) ..... 1 229,31 - (3.84%)
- "Е1" инфраструктур..... 7 125.96 - (22.37%)
- "Е1" речно корито со заштитно зеленило.....1 396.64 - (4.39%)
- "Е2" комунална супраструктура - трафостаница..... 54.38 - (0.17%)

---

31 847.60 - 100 %

Процентуалниот сооднос помеѓу различните намени од документационата основа и овие од планската документација не се променува драстично. Воглавно се зголемува површината под сообраќајна инфраструктура поради новопредвидените улиците од секундарната сообраќајна мрежа кои ги поврзуваат објектите со примарната сообраќајна мрежа.

Површините предвидени за домување со планското решение за намалени, а согласно ГУП от на град Прилеп предвидени се површини за станбени згради како и површина за јавни институции односно верски објект.

Површините предвидени за зеленило и рекреација се зголемени додека во постојната состојба површините на кои има парковско зеленило се нешто помали. Површините под

зеленило се занемарувачки во однос на домувањето и инфраструктурата. Истите ќе се зголемат со зголемување на зелените површини во рамките на градежните парцели за домување.

3. БИЛАНСНИ СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Од извршените анализи од документационата основа и планското решение може да се направат споредбени показатели за планскиот опфат.

Со документационата основа парцели со изградени објекти има 20 495.48м^2, а на 980.08м^2 се празни парцели, додека на 357.85м^2 се водат како неизградено градежно земјиште. Со планското решение се обезбедуваат 23 324.99м^2 површини за градежни парцели на кои може да се гради.

Површините под сообраќајници од документационата основа се 7314.63м^2 вклучувајќи ги и неуредените јавни површини, додека со планското решение површините под сообраќајна мрежа се 7 125.96м^2.

Површините под зеленило од документационата основа се 1220.09м^2, а со планското решение се 1229.31м^2.

Во прилог се доставува табеларен преглед на споредливи показатели на површините во рамките на планскиот опфат.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ПОСТОЈНА СОСТОЈБА			
	ОПИС	ПОВРШИНА м^2	ПРОЦЕНТ %
1	површина на плански опфат	31 847.55	100.00 %
2	вкупна површина на катастарски парцели во опфат	23 053.49	72.38 %
	2.1 катастарски парцели со објекти	20 495.48	64.35%
	2.2 празни катастарски парцели	980.08	3.08 %
	2.3 неизградено градежно земјиште	357.85	1.12 %
3	зеленило - Д1	1 220.09	3.83%
4	јавни површини во плански опфат	7 314.63	22.97%
	3.1 коловоз - асвалт	4 375.65	13.74 %
	3.2 тротоари - асвалт	1 140.80	3.58 %
	3.3 неуредени површини - земја	1 798.18	5.65 %
5	река	1 396.64	4.65 %
6	површина под об јекти	7 063.75	
7	развиена површина	16 268.11	
8	процент на изграденост	22.18%	
9	коефициент на искористеност	0.51	
10	вкупен број на катастарски парцели	101	
11	катастарски парцели со објекти	69	
12	празни катастарски парцели	18	
13	катастарски парцели под јавни површини	14	
14	нето густина на населеност	123ж/ха	
15	бруто густина на населеност	89ж/ха	

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА			
	ОПИС	ПОВРШИНА м^2	ПРОЦЕНТ %
1	површина на плански опфат	31 847.60	100.00 %
2	вкупна површина на градежни парцели во опфат	23 324.99	73.24 %
	2.1 површина на градежни парцели - А1	16 575.17	52.04%
	2.2 површина на градежни парцели - А2	3 959.11	12.43 %
	2.3 површина на градежни парцели - А4	486.44	1.54 %
	2.4 површина на градежни парцели - В5	819.42	2.57 %
	2.5 површина на градежни парцели - Б1	201.16	0.63 %
	2.6 површини на градежни парцели - Е2	54.38	0.17 %
	2.7 зеленило - Д1	1 229.31	3.86 %
3	јавни површини во плански опфат	7125.96	22.12%
	3.1 коловоз - асвалт	5656.82	17.76%
	3.2 тротоари - асвалт	1386.36	4.36 %
4	река	1396.64	4.64 %
5	површина под објекти	9 300.20	
6	развиена површина	41 512.23	
7	процент на изграденост	39.87%	
8	коефициент на искористеност	1.78	
9	вкупен број на градежни парцели	68	
10	број на градежни парцели - А1	60	
11	број на градежни парцели - А2	3	
12	број на градежни парцели - А4	1	
13	број на градежни парцели - В5	1	
14	број на градежни парцели - Б1	1	
15	број на градежни парцели - Е2	1	
16	број на градежни парцели - Д1	1	
17	нето густина на населеност	621 ж/ха	
18	бруто густина на населеност	449 ж/ха	

УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА

1. Одредбите за уредување на просторот се составен дел на планот. Истите се инструмент за негова реализација и основа за утврдување и издавање на архитектонско - урбанистички услови за изградба.

2. За спроведување на планот важат сите стандарди и нормативи пропишани со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в. на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/2017 и 86/18год).

3. Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба.

Површината за градба во рамките на секоја Г.П. е различна во зависност од намената и големината на парцелата.

Максималната површина за градба во рамките на секоја градежна парцела, е определена со градежни линии, а со тоа се означува растојанието до регулационата линија, (главна надворешна градежна линија), односно до границата на парцелата (помошни - внатрешни градежни линии).

4. Вкупната бруто изградена површина на објектите е во директна зависност од големината на парцелата и се утврдува преку процентот на изграденост и коефициентот на искористување на земјиштето.

5. Регулационата линија го разграничува земјиштето помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

6. Градежната линија е планска одредба која представува граница на површина за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради. Градежната линија се спроведуа со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите, согласно член 38 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање бр. (Сл. в. на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/2017 и 86/18год).

7. За сите површини за градење, онаму каде кон тротоарот, кон длабочината на парцелата или кон соседите има доволно растојанија, согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, може да се предвидат елементи на второ степена и трето степена пластика.

На страните кон соседите онаму каде растојанието на градбата е мин. 3.0м до границата на парцелата ќе може да се отворат нормали отвори, додека доколку растојанието е помало од 3.0 ќе може да се отворат само помошни отвори со парапет од мин. 1.60м (отвори за вентилација).

8. Основната класа на намена на опфатот согласно ГУП - от е А домување - односно домување во станбени куќи и домување во станбени згради А1 и А2. Како компатибилни класи на намени на основната класа А, може да се планираат:

- Б1 - мали комерцијални и деловни намени, до 30% од основната класа на намена.

9. Котата на приземје кај новопредвидените објекти може да биде мах. 0.15м над тротоарот за комерцијални намени, а мах. 1,20м за намена домување.

10. Висината на објектите е изразена во метри, при што се рачуна висина на објект до кота на венец.

Катноста на објектите да не биде поголема од П+2+Пк до П+7, за станбените згради, а до П+2+Пк за станбените куќи или висината за станбените здради да небиде повисока од 13.20m – 24.20м, а за станбените куќи до 10.20.

Дозволената висина за изградба се дефинира како висина на венец (кота на горен раб на заштитната стреа) на кровот од објектот во однос на тротоарот.

Од дозволената висина на изградаба отстапуваат: кровната конструкција, куполи и кулни надвишувања, инсталациони канали и објекти и други декоративни, комопзициски елементи.

Висината на едно ниво кај приземните спратови, наменети за деловни содржини да биде мин 3.40м. Висината на станбените единици е 2.90м.

Висинската разлика од кота на венец до кота на слеме не смее да биде поголема од 4.5м.

11. Утврдувањето на точните апсолутни коти на пристапите од влезовите ќе се утврди со изработка на нумеричките податоци за секоја парцела поодделно, врз база на кој ќе се изработи и основен проект за секоја површина за градба.

12. Покривањето на крововите е со коси кровови под агол до 30^0. Доколку се гради подкровје косината на кровот на делови може да биде со нагиб и до 60^0. При покривањето на објектите да се даде целосна слобода за избор на типот на кровот и видот на материјалот, со обезбедување на коси кровови, а запазувајќи ги стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

13. Точните димензии, површината и висината на сите објектите да се утврдат при изработка на основни проекти за објектите, условено со обезбедување на потребни паркирни места.

14. При издавање на Извод од Урбанистички план, обврзно е да се вградат условите од мислењата и согласностите од јавните комунални претпријатија.

15. Паркирање, односно гаражирање на возила во рамките на секоја градежна парцела, ќе се обезбеди согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, (Сл. в. на Р.М. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/2017 и 86/18год), а при изработка на ситуационото решение со основниот проект проект за секоја парцела, каде точно ќе се дефинираат површините за градба.

16. Оградувањето на парцелите е со транспарентна ограда, при што кон улица да биде со висина до 1.6м, а кон соседите мах до 2.0м. Оградите во долниот дел до висина од 0.6м може да се полни а во горниот дел да обезбедуваат природна аерација на просторот.

17. Доколку при изведувањето на земјените работи се наиде на траги од човечки активности од минатото, изведувачите и инвеститорите на објектите преку надзорниот орган се должни привремено да ги запрат градежните активности, да превземат мерки за откриените траги да не се оштетуваат и веднаш писмено да го известат Заводот за заштита на споменици на културата во Прилеп.

